**Средно општинско училиште**

***„Гоце Делчев“***

***Валандово***

# САМОЕВАЛУАЦИЈА

**на училиштето за периодот 2022/23 и 2023/24**



**Валандово, 2024 год.**

**Содржина на Извештајот од Самоевалуација:**


Училишна комисија за самоевалуација

Извештај од Самоевалуација на училиштето.............................5

Резиме од извршена Самоевалуација на училиштето...............6

Подрачје 1: Наставни планови и програми ..................................... 9

1.1 Реализација на наставните планови и програми

1.2 Квалитет на наставните планови и програми

1.3. Воннаставни активности

Подрачје 2: Постигања на учениците ............................................ 22

2.1. Постигнувања на учениците

2.2. Задржување / осипување на учениците

2.3. Повторување на учениците

Подрачје 3: Учење и настава ......................................................... 39

3.1. Планирања на наставниците

3.2. Наставен процес

3.3. Искуства на учениците од учењето

3.4. Задоволување на потребите на учениците

3.5. Оценувањето како дел од наставата

3.6. Известување за напредокот на учениците

Подрачје 4: Поддршка на учениците .................................................. 57

4.1. Севкупна грижа за учениците

4.2. Здравје

4.3. Советодавна помош за понатамошно образование на учениците

4.4. Следење на напредокот

Подрачје 5: Училишна клима ..................................... .................. 78

5.1. Училишна клима и односи во училиштето

5.2. Промовирање на постигањата

5.3. Еднаквост и правичност
5.4. Партнерски однос со родителите и со локалната и деловната заедница

Подрачје 6: Ресурси ........................................................................ 100
6.1. Сместување и просторни капацитети
6.2. Наставни средства и материјали
Обезбедување на потребен наставен кадар
Следење на развојните потреби на наставниот кадар
6.5. Финансиско работење на училиштето .

Подрачје 7: Управување, раководење и креирање на политики ..........129
7.1 Управување и раководење со училиштето
7.2 Цели и креирање на училишната политика
7.3 .Развојно планирање

**УЧИЛИШНА КОМИСИЈА ЗА САМОЕВАЛУАЦИЈА**

Васе Митев- педагог
Дарко Калковалиев - наставник
Тања Кимова-Тунгелова - наставник
Александар Пандов - наставник
Љубица Невеселова - наставник
Марија Коцева - наставник
Марија Узунов - наставник
Ангелина Занова - наставник

**Тимови и координатори на тимовите**
за изработка на училишната Самоевалуација
за периодот 2022 - 2024 година

**1.НАСТАВНИ ПЛАНОВИ И ПРОГРАМИ**

- Дарко Калковалиев - координатор
-Ленче Вешкковиќ
- Марјан Лазаров

**2.ПОСТИГАЊА НА УЧЕНИЦИТЕ**

-Александар Пандев - координатор
-Јаворка Стојанова
-Марјан Терзиев

**3.УЧЕЊЕ И НАСТАВА**
- Марија Узунова - координатор
- Милка Каракотева
-Селами Тахир

**4.ПОДДРШКА НА УЧЕНИЦИТЕ**
-Ангелина Занова - координатор
-Тања Наумова
- Владимир Пилиповиќ

**5.УЧИЛИШНА КЛИМА**
- Марија Коцева - координатор
- Валентина Пандева
- Златко Јанчев

**6.РЕСУРСИ**
-Тања Кимова-Тунгелова - координатор
-Слободан Митков
- Васил Узунов

**7.УПРАВУВАЊЕ, РАКОВОДЕЊЕ И КРЕИРАЊЕ ПОЛИТИКА**

-Љубица Невеселова -координатор
- Елена Гошевска
-Ристе Стојанов

**Извештај од самоевалуацијатана училиштето:**

| | |
|---|---|
| **Име на училиштето** | Средно општинско училиште “Гоце Делчев“ |
| **адреса, општина, место** | Ул:“Првомајска“ бр.3 |
| **Период за кој се врши самоевалуација** | 2022 – 2024 година |
| **телефон** | 034/382-031 |
| **фах** | 034/382-055 |
| **е-маил** | dsuvalandovo@t-home.mk |
| **основано од** | Собрание на општина Валандово |
| **Верификација- број на актот** | 0205 – 1138/1 |
| **Година на верификација** | 21.04.1976 |
| **Јазик на кој се изведува наставата** | македонски |
| **Директор** | Ташка Гетова |
| **Претседател на Училишен одбор** | Елизабета Чилевска Пандева |
| **Тип на градба** | Тврда |
| **Површена на објектот** | 3400 $м^2$ |
| **Училиштето работи во смена** | Една (1) |
| **Начин на загревање на училиштете** | Централно греење |
| **Број на ученици** | 190 |
| **Број на паралелки** | 16 |
| **Број на смени** | 1 |

## РЕЗИМЕ ОД ИЗВРШЕНА САМОЕВАЛУАЦИЈА
## во СОУ “Гоце Делчев“ Валандово

Врз основа на Правилникот за начинот и подрачјата за вршење на самоевалуацијата на средните училишта (Службен весник на Р. Македонија бр. 11-7404/3, од 15.01.2014г.), комисијата за изготвување самоевалуација на работата на СОУ „Гоце Делчев“ Валандово за периодот од 2022 год. до 2024 година изврши самоевалуација за работата на училиштето.

Во текот на работата, во мај и јуни 2024 година тимовите имаа средби и разговори со вработените, извршија проверка на потребната документација, спроведоа анкети со ученици, наставници, родители и локалната заедница.

Самоевалуацијата се изврши врз основа на добиените вредности од Интегралната евалуација на Државниот просветен инспекторат и Развојниот план на училиштето.

Целта на Самоевалуацијата е со конкретни анализи и осврти на сите области на работење на училиштето да се добие слика за квалитетот во работењето, напредокот и постигањата на училиштето, напредокот и постигањата на училиштето, јаките но и слаби страни, за кои ќе следат предлог мерки за нивно надминување. Секако дека воочените слабости ќе ги мотивираат сите учесници во наставниот процес (директни или индиректни) да ги вложат сопствените капацитети и искористат постојните ресурси за подобрување на условите и стандардите во училиштето. На тој начин ќе се придонесе за целосно и квалитетно реализирање на воспитно- образовниот процес. Самоевалуацијата ги издвојува и приоритетните области на делување за унапредување и осовременување на наставните и вонnаставните активности. Заедничка цел на сите субјекти во училиштето е слабите страни да се во се помал број, а јаките да се одржуваат, односно зголемуваат.

Извори кои се користени при изготвување на Самоевалуацијата:

- Статут на училиште;
- Годишна програма за работа на училиштето;
- Интерни акти/кодекси на училиштето;
- Правилник за организација и систематизација на работата и работните места;
- Самоевалуација на училиштето и план за развој на училиштето;
- Програма за работа на директор и стручна служба;
- Програма за професионален развој на наставниот кадар;
- Наставни планови и програми донесени од МОН;
- Проекти на училиштето во функција на развивање на практичните вештини на учениците
- Документацијата на училиштето за набавување на стручна литература, наставни помагала,планирани и набавени потрошни материјали;
- Библиотечната евиденција;
- Листи од спроведени интерни обуки
- Професионални досиеја на вработените;

- Инструмент за следење и вреднување на планирањата и подготовката на наставниот час на планирањето на наставниците;
- Извештаи од увид на часови од страна на стучна служба на училиштето и ДПИ;
- Полугодишен и годишен извештај;
- Евиденција на заминати или новодојдени ученици (преведници и др.).
- Записници од просветна и санитарна инспекција;
- Планирања на наставниците;
- Педагошка евиденција и документација;
- Правилник за оценувањето, напредувањето, полагањето на испити, видови на пофалби, награди и педагошки мерки за учениците;
- Инструменти за оценување (тестови на знаење, листи за проверка, бодовни листи, досиеја на ученици);
- Распоред на часови
- Паноа со награди, дипломи, признанија од учество на манифестации и натпревари;
- Медиумско промовирање на постигањата на учениците
- Записници од: наставнички совет, стручни активи, училишен одбор, совет на родителии и локална самоуправа.
- Податоци за организирани трибини и предавања во училиштето;
- Записници од надлежни органи за контрола на хигеиената и здравјето на учениците
- Анкети со директор, стручна служба, наставници, родители , ученици и локална заедница;
- Интервјуа со директор, стручни соработници, наставници, родители и ученици;

Целокупната состојба за работата на училиштето е добиена по обработка на седумте подрачја, кои ја опфаќаат самоевалуацијата на училиштето .:

1.Наставни планови и програми

2.Постигања на учениците

3.Учење и настава

4 Поддршка на учениците

5.Училишна клима

6.Ресурси

7. Управување, раководење и креирање политики

Целта на самоевалуацијата е да се согледа целокупната состојба за работата на училиштето, да се детектираат слабите и јаки страни од сите седум подрачја кои ја опфаќаат самоевалуацијата на училиштето

Врз основа на добиените податоци како можни приоритети од подрачјата кои може да бидат вклучени во планот за развој на училиштето се следните:

-Зголемување на бројот на реализирани часови од дополнителна и додатна настава;Зголемување на бројот на реализирани воннаставни активности;Стручно усовршување на наставниот кадар за реализрање наставните програми;Зголемување на можностите на учениците и родителите да влијаат врз креирањето на наставните планови и програми;

-Изведување на квалитетна дополнителна настава и додатна настава;Поголемо искористување на информатичка технологија и современи техники на учење;Континуирана вклученост на родителите во следење на постигањата на учениците;Соработка со родителите чии ученици покажуваат нередовност и послаб успех во наставата; Мерки и активности за подобрување на успехот на учениците во земјоделско-ветеринарната и машинската струка;Мерки и активности за зголемување на бројот на ученици;

-Интерес за напредокот и успехот на учениците од страна на родителите; Мала понуда од компании и фирми од општината за вклучување во реализацијата на Учење преку работа кај работодавач;

-Организирана квалитетна исхрана во кругот на училиштето; .Прилагодување и изградба на тоалет за ученици со попреченост; Зголемување на обемот на предавања од стучни лица со цел да се подигне свеста кај учениците за поврзаноста на исхраната и здравјето.

-Поголема искористеност на училишната веб страна во промовирање на постигањата на учениците и училиштето; Намалување на бројот на изостаноците;Зголемување на интензитетот на работата на Советот на родители;Изнаоѓање на повеќе форми на соработка со родителите во текот на учебната година;

-Обезбедување на кабинети ,лабаратории и работилници по поедини стручни предмети.Воспоствување процедура за информирање на локалната заедница и родителите за буџетот на училиштето .Набавка на наставни средства кои недостасуваат за наставата во новите струки во училиштето**.** Воспставување на систем за информирање на учениците за време на одморите за активностите во училиштето. Обезбедување на соодветен начин за исхрана на учениците во училиштето.

-Обезбедување на обука за членовите на УО. Планирање на поголем износ на средства во финансискиот план на училиштето за стручно усовршување на наставниот кадар.Воспоставување на поефикасна процедура за информирање на родителите, наставниците и локалната заедница за финансискиот план на училиштето.Аплицирање на проекти.Да се обезбедат услови за рамноправно учество во процесот на реализирање на целите во образовната институција од страна на сите чинители. Зголемување на бројот на ученици кои се запишуваат во училиштето.

## Самоевалуација на училиштето: СОУ „Гоце Делчев“ Валандово   Подрачје 1 : Наставни планови и програми

| |
|---|
| *Во евалуацијата на ова подрачје треба да одговорите на што е можно поголем број од главните прашања.Можете да додадете и одговори на други прашања кои сметате дека се важни за вашето училиште а не се опфатени во рамката за самоевалуација. Треба да направите обид да ги вклучите колку што е можно сите клучни фактори во вашето училиште и во локалната заедница и каде потребно да внимавате на родовите односи кои може да влијаат на квалитетот на учење и настава во вашето училиште. Не се потпирајте само на пишани документи. Обезбедете да податоците собрани во оваа област исто така вклучуваат колку што е можно и пишани коментари, набљудувања и визуелни докази.* |
| **Оддели во рамките на подрачјето:**<br><br>**1.1Реализација на наставни планови и програми**<br><br>**1.2 Квалитет на наставни планови и програми**<br><br>**1.3Вонnаставни активности** |

**Самоевалуација на училиштето: СОУ „Гоце Делчев“ Валандово  Подрачје 1: Наставни планови и програми**

| Бр. | Индикатори за квалитет | Теми | Активности |
|---|---|---|---|
| 1 | **Наставни планови и програми** | | |
| 1.1 | **Реализација на наставните планови и програми** | | |
| **Прегледани документи** | | **Теми** | **Активности** |
| • Наставни планови и програми донесени од БРО;<br>• Годишни, тематски и дневни планирања на наставниците;<br>• Нормативни акти на училиштето;<br>• Педагошка евиденција и документација;<br>• Записници од Совет на родители;<br>• Записници од родителски средби;<br>• Записници од стручни активи ;<br>• Записници од стручна служба;<br>• Годишна програма на училиштето; | | • Применување годишни програми и создавање визија за она што го посакуваме;<br><br>• Информираност на родителите и учениците за наставните планови и програми;<br><br>• Прилагодување нанаставните програми на децата со посебни образовни потреби;<br><br>• Избор на наставни предмети;<br><br>• Планирање на активности за | Училиштето ги реализираа наставните планови и програми одобрени од МОН и БРО . и тоа за гимназииско образование, сектор-земјоделство, рибарство и ветеринарство, квалификации агротехничар и техничар за фитомедицина со четири годишно траење. Од учебната 2021/2022 година се изучуваат наставни програми по наставни планови од две новоотворени струки и тоа струка/сектор здравствената /здравство и социјална заштита, профил/квалификација дентален асистент како и наставни програми од струка/сектор машинска/машинство профил/квалификација техничари за компјутерско управување. Ново отворените паралелки се дуални а планирањата се модуларни. За учениците со посебни образовни потреби наставниците изработуваат ИОП. Бројот на ученици по паралелки е намален.<br>Секој предметен наставник изработува глобални, тематски и оперативни или дневни планирања, врз основа на кои ја реализира настават, а по соодветниот предмет во текот на учебната година. Се изработуваат |

| | | |
|---|---|---|
| • Дневници на паралелките. | реализација на слободните часови/проектнитеактивности научилиштето; | програми модуларно дизајнирања во земјоделско-ветеринарната струка, машинската струка и здравствената струка.<br>Во училиштето се реализираат и програми за Проектни активности во гимназиско образование и Содржни програмирани од училиштето.<br>За СПУ има изработено програма за работа од ЦСОО а училиштето има можност да изготви самостојна програма зареализација но претходно треба да биде одобрена од ЦСОО.<br>Учениците пополнуваат писмена изјава со која се обврзуваат дека ќе ја посетуваат наставата.<br>СПУ е во распоредот на часовите.<br>Програмата е реализирана од страна на наставниот кадар.<br>Во училиштето се реализираат следните СПU програми :<br>-1-ва година-Светското наследство во рацете на младите<br>-2-ра година-Планирање на кариера<br>-3-та година-Подготовка за вработување и работа<br>-Ученички компании<br>-4-та година-Презентациски вештини<br>-Активно барање работа<br>Наставниците кои реализираат проектни активности изработуваат планирања на часови кои според таа програма од БРО се реализираат во и надвор од училиштето.<br>Во планирањата се интегрираат ЕКО содржини кои се во корелација со наставниот предмет. Постојат |

| | | |
|---|---|---|
| | | девет еколошки теми и точки на акција кои предметниот наставник или класниот раководител ги разработува и реализира.<br>Во планирањата се интегрираат исто и МИО часови (Меѓуетничка интеграција во образованието) согласно пропишаното од МОН.<br>Се планира и реализира користењето на ИКТ кај секој наставник и е во согласност со пропишаните 30% од вкупниот годишен фонд.<br>Секој класен или предметен наставник, доколку во класот има ученик со попреченост или со посебни потреби, изгортвува и реализира настава преку индивидуален образовен план (ИОП).<br>Во рамки на тие планирања, како задолжителен додаток се изработуваат и планирањата за додатната и дополнителната настава која се реализира после редовните часови.<br>Класните раководители изготвуваат планирања за класниот час. Образование за животни вештини според програмата и прирачникот за средно образование. Врз таа основа ги реализираат работилниците на класен час.<br>Врз основа на подготвените планирања на почетокот од учебната година целосно се реализира воспитно-образовниот процес во училиштето и учениците навремено и солидно ги совладуваат наставните содржини. Целосната реализација на дополнителната и додатната настава служат да го заокружат процесот на совладување или продлабочување на материјата. Со понудата и |

| | | |
|---|---|---|
| | | реализацијата на квалитетна и ефикасна настава учениците се стекнуваат со високо ниво на знаења, се градат во личности кои знаат да одлучат за сопствената идна професија. Сè врз база на тие стекнати знаења.<br>Наставниците по соодветните предмети и класните раководители на почетокот на учебната година ги информираат учениците за наставните планови и програми. Исто така, класните раководители се задолжени на првата родителска средба да ги информираати запознаат родителите за тие наставни планови и програми.<br>Училиштето е во постојан контакт со родителите вклучувајќи ги во работата на училиштето преку Советот на родители, Тимот за соработка со родители, родителските состаноци и индивидуални средби со класните раководители, предметните наставници или стручната служба.<br>Според БРО училиштето нуди изборни предмети.<br>Во II година гимназија се избира еден предмет, а во III година гимназија учениците се насочуваат да изберат од општествено-хуманистичкото А и Б подрачје или природно-математичкото А и Б подрачје.<br>Во стручното образование се избираат во III и IV година по еден или два изборни предмети во зависност од квалификацијата..<br>Во стручното образование се изведуваше учење преку работа кај работодавач.<br><br>Навремено се информирани и учениците, и родителите за предметите кои може да ги изберат, |

| | | |
|---|---|---|
| | • Реализација на проширени програми. | како и за изборот на проектни активности или слободните часови. За изборот се изјаснуваат по писмен пат.<br>Преку реализација на подрачјата и активностите на на учениците им се помага во нивниот личен и општествено-социјален развој.. |

| **1.2.** | **Квалитет на наставните планови и програми** |
|---|---|

| **Прегледани документи** | **Теми** | **Активности** |
|---|---|---|
| • Наставни планови и програми донесени од БРО;<br>• Годишни, тематски и дневни планирања на наставниците;<br>• Педагошка евиденција и документација;<br>• Годишна програма на училиштето;<br>• Дневници на паралелките;<br>• Записници од МИО тим. | • Родова и етничка рамноправност и мултикултурна сензитивност во наставните програмии учебните помагала;<br><br>• Интегрирање на карактеристиките и потребите на локалната средина во наставните програми и наставните помагала;<br><br>• Интегрирање на општите (меѓупредметните) цели на образованието; | Училиштето преку целиот наставен кадар, но првенствено преку МИО тимот планира, организира и реализира работилници кои го промовираат и унапредуваат мултикултурализмот. Вклучувањето во тие настани подразбира еднаков број на ученици од застапените етнички заедници од училиштето, како еднаков број на полова застапеност. Ова се реализира преку проектот на МОН за Меѓуетничка интеграција во образованието. Така учениците ги продлабочуваат знаењата, но и пријателствата.<br>Училиштето реализира активности за стекнување и проширување на знаењата и образованието за половите и меѓучовечките односи, нивниот сексуален живот, репродуктивното здравје, превенција и заштита од различни болести, предавања за зависност од алкохолизам, пушење и наркотици. Овие активности се реализираат преку предавања од соодветен предмет, разговор со класни раководители, предавања на класен час на соодветни теми, предавања од стручни лица, учество на наши ученици и наставници на разни семинари и предавања коишто |

| | | |
|---|---|---|
| | • Влијание на наставниците, родителите и социјалните партнери врз наставните планови ипрограми | третираат и обработуваат вакви теми.<br>Училиштето организира и реализира образование и воспитание за еднаквите права на човекот, граѓанското образование и правилни меѓучовечки односи преку реализација на вакви содржини на класен час и преку давање на совети од стручно лице или нашата стручна служба. Исто така, по повод различни меѓународни денови на правата се организираат мини настани на часовите или во холот на училиштето.<br>Дел ова е реализирано во соработка со Локалната заедница, ОО на Црвен крст, Здравствен дом, ОВР Валандово и други релевантни институции и индивидуи.<br>Училиштето има потппишано меморандуми за соработка со повеќе фирми и компании од општината и соседните општини со цел реализирање на програмата на предметот Учење преку работа кај работодавач кој во дуалните паралелки се реализира во втора, трета и четврта година. Дел од наставниот кадар членува во некои општествени организации и преку нив следи обуки, семинари и курсеви.<br>Наставните планови и програми се донесени од МОН . Наставниците ги добиваат веќе изработени. Влијание на наставниците и родителите е многу ограничена и мала . |

| 1.3. Воннаставни активности | | |
|---|---|---|
| **Прегледани документи** | **Теми** | **Активности** |
| • Разговор со родители, наставници, ученици, директор и стручна служба;<br>• Годишна програма на активите и на училиштето;<br>• Годишна програма за дополнителна и додатна настава;<br>• Педагошка евиденција и документација;<br>• Дипломи, признанија, пофалници и сертификати за учество на натпревари; | • Обем и разновидност на планираните и реализираните воннаставни активности;<br>• Опфатеност на учениците со воннаставните активности;<br>• Вклученост на учениците во изборот и планирањето на работата на воннаставните активност;<br>• Афирмирање на училиштето преку воннаставните активности. | Во училиштето се организираат воннаставни активности со вклученост на учениците според можностите и афинитетите. Наставниците ги детектитраат посебните афинитети на учениците, работат со нив и ги користат како мотив пред идните генерации.<br>Вон наставните активности пружаат многу придобивки: учества на настани и манифестации во и надвор од Валандово, продлабочување на знаењата, ефективно искористување на слободното време на ученикот и стекнување нови пријателства. Соработуваме со институции, културни установи, телевизиски и радио станици, фирми. Дел од учениците се вклучени во воннаставните активности и планирањето на нивната работа.<br>Учениците кои сакаат да творат поезија и проза се дружат во литературно катче во училиштето и во Домот на културата. Учениците учествуваат во активности од Деновите на медиумска писменост ораганизирано од Високата школа за новинарство.<br>Еко одборот се грижи за чистотата во училиштето и во училишниот двор.<br>Се одржуваат спортски денови, натпревари и учество на манифестации во општината.<br>На општинските, регионалните и државните натпревари редовно учествуваат учениците, како и на МАССУМ.<br>Постигнатите резултати, сите сертификати и дипломи, редовно се објавуваат на нашата фејсбук страница. |

**Самоевалуација на училиштето: СОУ „Гоце Делчев“ Валандово    Подрачје: Наставни планови и програми**

| **Собирање на податоци (ii) кои други методи се користени за собирање на податоци? (пр. прашалници, анкети, набљудувања...)** | | |
|---|---|---|
| **Наведете ги другите методи кои се користени за собирање на податоци** | **Учество: Кој беше вклучен во собирање на овие информации** | **Кои информации се собрани?** |
| **Анкета за ученици** | Членови на работниот тим:<br>Дарко Калковалиев<br>Ленче Вешковиќ<br>Марјан Лазаров | Од анкетирани 74 ученици од сите години со различна полова и етничка структура, т. е. 51% машки и 49% женски; 58% Македонци 27% Турци,1,5% Срби и 12,5% Други.<br>- 55% велат дека им се достапни наставните планови и програми а 40% понекогаш им се достапни.<br>- 39% влијаат врз начинот на реализацијата на наставните планови и програми а 41% понекогаш а 20% немаат влијание.<br>-32% не побарале никако да видат наставен план и програма, 20% побарале, а само 48% понекогаш.<br>-72% велат дека училиштето им дава можност да вршат избор на наставни предмети а по 11% понекогаш или 17% воопшто не.<br>-70% велат дека подеднакво учествуваат и двата пола во воннаставните активности а по 14% понекогаш и 16% воопшто не. |
| **Анкета за наставници** | Членови на работниот тим:<br>Дарко Калковалиев<br>Ленче Вешковиќ<br>Марјан Лазаров | Анкетирани се 22 наставници, 45,5%женски и 54.5% машки.<br>-Наставниците во најголем процент сметаат дека нема разлика меѓу наставните планови и програми што се ги реализираат во училиштето и оние од МОН.<br>-73% сметаат дека добиваат поддршка од училиштето во подготовката и осовременувањето на наставата, 5% понекогаш и 22% не.<br>-68% од наставниците соработуваат во рамките на стручните активи, ,22% понекогаш, а 9% не. |

| | | |
|---|---|---|
| | | - 70 % од наставниците одговориле дека соработуваат со родителите а 22% понекогаш. |
| **Анкета за родители** | Членови на работниот тим:<br>Дарко Калковалиев<br>Ленче Вешковиќ<br>Марјан Лазаров | Од анкетираните **родители**,47,3% машки, 52,7% жени; 76,3% македонци, 21% турци и срби 2,6%<br>На прашањето дали им се достапни наставните планови и програми 60,5% од нив одговориле дека им се достапни, а 26,3 % дека понекогаш им се достапни.<br>-55% од родителите се изјасниле дека не влијаат врз начинот и реализацијата на наставните планови и програми, 28,9% дека понекогаш влијаат.<br>-52% не побарале да видат наставни планови и програми, 23,6% побарале а 23,6% понекогаш. |
| **Анкета за локалната заедница** | Членови на работниот тим:<br>Дарко Калковалиев<br>Ленче Вешковиќ<br>Марјан Лазаров | Од вкупно 24 анкетирани од локалната заедница 41,6% машки, 58,4% жени; 70% Македонци, 16% Турци,Срби 8,3%, Црногорци 4,1%<br>-87% знаат за кои насоки и струки постојат во училиштето, 66% сметаат дека училиштето ги исполнува своите цели 33 % се информирани за работата на училиштето. |

**Самоевалуација на училиштето: СОУ „Гоце Делчев“ Валандово  Подрачје: Наставни планови и програми**

**Резултати: Овде треба накратко да ги образложите вашите клучни јаки страни и слабости**

**Клучни јаки страни**

- Наставата во училиштето е организирана од соодветен, стручно образован кадар кој се залага за што подобро реализирање на наставните планови и програми
- Се реализираат наставни планови и програми од МОН,БРО и ЦССО.
- Во училиштето постои меѓусебна соработка помеѓу ученици, наставници и родители со цел успешно реализирање на наставните планови и програми
- Во стручното образование се реализира и дуална настава
- Работата на училиштето е јавна
- Училиштето преку приспособување и реализирање на наставните планови и програми со карактерот и потребите на локалната заедница има добра соработка со фирми и институции
- Реализација на воннаставни активности со подеднаква застапеност на полова и етничка структура

**Слаби страни:**

- Мал број на реализирани часови од дополнителна и додатна настава
- Мал број на реализирани воннаставни активности.
- Мали можности на учениците и родителите да влијаат врз креирањето на наставните планови и програми
- Намален број на ученици во паралелките

**Самоевалуација на училиштето: СОУ „Гоце Делчев“ Валандово Подрачје: Наставни планови и програми**

**Анализа на резултатите:**

***Овде дадете подетална евалуација на ова подрачје***

Училиштето _ги реализира наставните планови и програми_ за гимназиско образование и тоа општествено-хуманистичко и природно-математичко подрачје. Во стручното образование се реализираат наставни планови и програми за сектор-земјоделство, рибарство и ветеринарство, квалификации агротехничар и техничар за фитомедицина со четири годишно траење. Се изучуваат наставни планови и програми по струка/сектор здравствената /здравство и социјална заштита, профил/квалификација дентален асистент како и наставни програми од струка/сектор машинска/машинство профил/квалификација техничари за компјутерско управување во кои се изведува дуална настава. Наставниците ги реализираат наставните планови и програми одобрени од МОН и БРО, во согласност со постоечките услови во училиштето од страна на расположливи инфраструктурни можности, наставни кабинети, нагледни и наставни средства и компјутерско-техничка опрема. За учениците со посебни образовни потреби наставниците изготвуваат и индивидуални образовни планови (ИОП).

Работата на училиштето е јавна како и начинот на реализација на наставните планови и програми . Училиштето соработува со локалната средина и во пооделни сегменти од наставните планови и програми, истите ги приспособува кон потребите и карактерот на истата. Соработува со компании и организации од општината и пошироко за реализација на приграмата по предметот Учење преку работа кај работодавач.

Наставни планови и програми им се достапни на учениците, наставниците и родителите.

-Учениците имаат право на изборнни предмети и подрачја според одобрените наставни планови и програми од МОН. Најголем дел од нив сметаат дека практикуваат интегративен пристап во зависност од наставните теми и содржини. Влијанието врз реализација на наставните планови и програми е такво што преку реализација на истите го помагаат личниот психо-социолошкиот и општествениот развој на учениците без оглед на нивниот пол, етничка припадност и социјален статус.

Освен реализација на наставните планови и програми, во училиштето се организирааат воннаставни активности според условите во училиштето. Придобивките од овие активности се однесуваат на стекнување и проширување на нови знаења и вештини, зголемување на искуството за идно школување, социјализација, спортска култура и вештини, меѓуетнички соживот помеѓу учениците, другарство, комуникации. Дел од учениците учествуваат во воннаставни активности.

**<u>Идни активности</u>: Приоритетни подподрачја (оддели) во рамките на ова подрачје кои може да бидат вклучени во планот за развој на училиштето**

- Зголемување на бројот на реализирани часови од дополнителна и додатна настава
- Зголемување на бројот на реализирани вонnаставни активности.
- Стручно усовршување на наставниот кадар за реализрање на наставните програми.
- Зголемување на можностите на учениците и родителите да влијаат врз креирањето на наставните планови и програми

***<u>Изработиле:</u>***
Дарко Каковалиев
Ленче Вешковиќ
Марјан Лазаров

# 2. Постигања на учениците

**Оддели во рамките на подрачјето:**

**2.1 Постигања научениците**

**2.2 Задржување / осипување научениците**

**2.3 Повторување научениците**

| Бр. | Индикатори за квалитет | Теми | Активности |
|---|---|---|---|
| 2 | **Постигнувања на учениците** | | |
| 2.1. | **Постигнувања на учениците** | | |
| **Прегледани документи** | | **Теми** | **Активности** |
| ¬ Годишни извештаи по паралелки заучебната 2022/2023 и 2023/20224 година од педагошко-психолошкатаслужба;<br>¬ Годишен статистички извештај за средни училишта за учебната 2022/2023 и2023/2024 година;<br>¬ Главни книги заучебната 2022/2023 и2023/2024 година;<br>¬ Дневници на паралелказа учебната 2022/2023 и 2023/2024година;<br>¬ Записници одсостаноци на активите;<br>¬ Главни книги за завршен испит и државна матура; | | -Следење на постигнувањата на учениците од различенпол и етничка припадност по наставни предмети и по квалификационипериоди<br>-Подобрување на постигнувањата на учениците од различен пол, етничка припадност и јазик на наставата<br>-Идентификација на ученици со тешкотии во учењето, на надарени ученици и на ученици со посебниобразовни потреби<br>-Подобрување на постигнувањата на учениците преку редовна и дополнителна/ додатна настава | ➢ Училиштето прибра, користи и анализира податоци за постигањата на учениците според полот и јазикот на наставата по сите наставни предмети, за сите квалификациони периоди и превзема активности за нивно подобрување.<br>➢ Училиштето се труди да промовира уверување дека постигањата на сите ученици може да се подобрат.Врз основа на увидот во актуелните постигања на учениците, училиштето планира и превзема конкретни активности за континуирано подобрување на постигањата на учениците.<br>➢ Училиштето има систем за детектирање и подршка на учениците кои имаат тешкотии во учењето, надарените ученици, како и учениците со пречки во развојот и континуирано го следи нивниот напредок.<br>➢ Наставниците им даваат подршка на учениците што имаат тешкотии во учењето, на надарените ученици и на учениците со пречки во развојот, избирајќи активности соодветни за нивните можности и потреби. Во текот на една цела учебна година, училиштето реализира дополнителна настава по сите предмети за кои учениците имаат потешкотии во учењето и додатна настава за учениците кои покажуваат интерес и постигаат значителни резултати во одделни области, како и индивидуализирана настава. |

| | | |
|---|---|---|
| - Главни книги за вонредни ученици; | -Следење на постигнувањата на учениците при премин од еден во друг циклус и од едно до друго ниво наобразование | ➢ Училиштето доследно ја спроведува пропишаната политика за следење на хоризонталното и вертикалното движење на учениците.<br>➢ Училиштето има развиен систем и организира заеднички активности (наставни и воннаставни) со ученици од мешан етнички состав во рамките на училиштето или во партнерство со училиште од друг наставен јазик.<br>➢ Преку соработка со родителите информирајќи ги преку е-дневникот и веб страната на училиштето, за постигањата на нивните деца како и преку советувањата за оние родители чии ученици покажуваат слаб успех во учењето.<br>➢ Со подобрување на капацитетите на училиштето преку набавка на опрема и друг вид технички помагала се доаѓа до подобрување на условите за работа на наставниците и учениците, а со тоа и до подобри постигање на учениците.<br>Во учебната 2022/2023 година во СОУ „Гоце Делчев" Валандово се школуваа 183ученици од кои 79 женски и 104 машки. Во гимназиско образование се опфатени 78 ученици, додека во стручното образование во земјоделско- ветеринрна струка/сектор Земјоделство, рибарство и ветеринарство опфатени се 63ученици, во секторот Здравство и социјална заштита 10 ученици во прва и втора година и во секторот Машинство во прва и втора година 32 ученици.<br>Во училиштето има вкупно 16 паралелки.<br>• Средниот успех во прва година гимназија изнесува 4,62<br>• Средниот успех во втора година гимназија изнесува 4,34<br>• Средниот успех во трета година гимназија изнесува 4,05<br>• Средниот успех во четврта година гимназија изнесува 3,76 |

| | | |
|---|---|---|
| | | *Средниот успех во гимназиските паралелки за учебната 2022/23 изнесува 4,09*<br>• Средниот успех во прва година земјоделска изнесува 3,15<br>• Средниот успех во втора година земјоделска изнесува 3,34<br>• Средниот успех во трета година земјоделска изнесува 3,03<br>• Средниот успех во четврта година земјоделска изнесува 3,30<br>*Средниот успех во земјоделските паралелки за учебната 2022/23 изнесува 3,19*<br>• Средниот успех во прва година машинска струка изнесува 3,40<br>• Средниот успех во втора година машинска струка изнесува 3,55<br>*Просекот во машинските паралелки за учебната 2022/23 изнесува 3,48*<br>• Средниот успех во прва година здравствена струка изнесува 4,46<br>• Средниот успех во втора година здравствена струка изнесува 4,38<br>*Средниот успех во здравствената струка за учебната 2022/23 изнесува 4,42*<br>Средниот успех на училиштето за 2022/23 година изнесува 3,72<br>Во учебната 2023/2024 година во СОУ „Гоце Делчев“ Валандово се школуваа 190 ученици од кои 76 женски и 114 машки. Во гимназиско образование се школуваат 64 ученици, додека во стручното образование во земјоделско- ветеринрна струка/сектор Земјоделство, рибарство и ветеринарство опфатени се 55 ученици, во секторот Здравство и социјална заштита 20 ученици во прва и втора година и во секторот Машинство во прва и втора година 51 ученици.<br>Во училиштето има вкупно 16 паралелки.<br>• Средниот успех во прва година гимназија изнесува 3,8<br>• Средниот успех во втора година гимназија изнесува, |

| | | |
|---|---|---|
| | | 4,71<br>• Средниот успех во трета година гимназија изнесува 4,37<br>• Средниот успех во четврта година гимназија изнесува 4,02<br>*Средниот успех во гимназиските паралелки за учебната 2023/24 изнесува 4,12*<br>• Средниот успех во прва година земјоделска изнесува 2,94<br>• Средниот успех во втора година земјоделска изнесува 3,64<br>• Средниот успех во трета година земјоделска изнесува 3,6<br>• Средниот успех во четврта година земјоделска изнесува 3,27<br>*Средниот успех во земјоделските паралелки за учебната 2022/23 изнесува 3,36*<br>• Средниот успех во прва година машинска струка изнесува 3,16<br>• Средниот успех во втора година машинска струка изнесува 3,63<br>• Средниот успех во трета година машинска струка изнесува 3,31<br>*Средниот успех во машинските паралелки за учебната 2023/24 изнесува 3,36*<br>• Средниот успех во прва година здравствена струка изнесува 3,94<br>• Средниот успех во втора година здравствена струка изнесува 4,27<br>• Средниот успех во втора година здравствена струка изнесува 4,55<br>*Средниот успех во здравствената струка за учебната 2022/23 изнесува 4,25*<br>Средниот успех на училиштето за 2023/24 година изнесува 3,74. Во сите класови и без разлика во која учебна година кај учениците се забележува едно движење на успехот, |

| | | |
|---|---|---|
| | | поточно се работи за зголемувањето и намалувањето на успехот по класификациони периоди . Имено секогаш се случува истото, и тоа помеѓу првиот класификационен период и полугодието секогаш има подобрување на успехот. Потоа помеѓу полугодието и третиот класификационен период секогаш има мало намалување на успехот, и за да на крај помеѓу третиот класификационен период и крајот на школската година има повторно зголемување на успехот кај учениците.<br>Во учебната 2022/2023 година имаме 3 ученика кои се упатени на поправен испит и на крајот 3 ученици не ја завршиле годината.<br>Во учебната 2023/2024 година имаме 9 ученика кои се упатени на поправен испит и 13 ученици кои ќе полагаат испит на годината.<br>Постигањата на учениците во 2022/23 учебна година по полова структура се:<br>машки:20 -одлични, 28-многу добри, 38-добри, 17-доволни и 1 незавршил.<br>женски: 39-одлични, 16-многу добри, 16-добри, 6-доволни и 2 незавршиле.<br>вкупно: 59-одлични, 44-многу добри, 54-добри, 23-доволни и 3 незавршиле.<br>Постигањата на учениците во јуни 2023/24 учебна година по полова структура се:<br>машки:25-одлични, 24-многу добри, 44-добри,4 -доволни<br>женски: 36-одлични, 16-многу добри, 17-добри, 2-доволни<br>вкупно: 61-одлични, 40-многу добри, 61-добри, 6-доволни<br>Во учебната 2022/23 година Државна матура положиле 24 ученици од пријавени 24, училишна матура полагале 2 ученика и положиле 2 ученика и завршен испит положиле 9 ученици од пријавени 9.<br>Учениците кои завршиле со полагањата на матура продолжуваат на факултет. Поточно од гимназиските |

| | | |
|---|---|---|
| | | паралалки голем е бројот на ученици кои се запишуваат и тоа некаде на 80%, но и од земјоделските паралелки има доста ученици кои продолжуваат со своето школување.<br>Исто така нашето училиште има учествувано на општински, регионални, државни и меѓународни натпревари. Во учебната 2022/2023, училиштето на државно ниво има освоено една пофалница(биологија), три 2. места(математика, физика и на државен траткориски натпревар) и две 1. места(математика и музичко). На натпреварот МАССУМ училиштето освои 2. место во категорија "Училишен штанд" и 1. место во категорија "Соло изведувач". Во учебната 2023/2024 година во категоријата соло пеење ученичката Ивана Коколанска го освои првото место а во категорија за маркетинг план и училиштен штанд освоено е третото место.<br>Поведението на учениците во секоја учебна година варира, но училиштето прави напори секогаш да го подобрува, и тоа со најралични форми од разговори со ученици, советување на родители итн.Во 2022/2023 од вкупно 183 ученици, 155 (84,7%) имале примерно поведение, 21 (11,5%) имале добро поведение и 7 ученика (3,8%) имале незадоволително поведение. Во 2023/24 од вкупно 190 ученици 153(80,5%) имале примерно поведение, 17 (8,9%) имале добро поведение и 20 ученика (10,6%) имале незадоволително поведение |

| 2.2. | Задржување / осипување на учениците | |
|---|---|---|
| **Прегледани документи** | **Теми** | **Активности** |
| – Годишен статистички извештај за средни училишта за учебната 2022/2023 и 2023/2024 година;<br>- Статут научилиштето;<br>- Закон за средно образование;<br>- Записници одсостаноци на активите;<br>- Преведници;<br>- Дневник за соработкана стручниот соработник со учениците; | ¬Редовност во наставата<br>¬Осипување на учениците<br>¬Премин на ученици од едно во друго училиште | Во учебната 2022/2023 наставата ја следеле вкупно 183 ученици.<br>Во 2022/2023 се направени 9611 изостаноци, од кои оправдани се 8534, а неоправдани се 1077.<br>Во просек 2022/2023 по ученик се направени 52,5 изостаноци или 46,6 оправдани и 5,9 неоправдани изостаноци.<br>Во учебната 2023/2024 наставата ја следеле вкупно 190 ученици.<br>Во 2023/2024 се направени 11728 изостаноци, од кои оправдани се 10530, а неоправдани се 1198.<br>Во просек 2023/2024 по ученик се направени 61,72 изостаноци или 55,42 оправдани и 6,3 неоправдани изостаноци. Во училиштето континуирано се анализираат причините за изостаноците на учениците во соработка со родителите и психолошко-педагошката служба. За неоправданите изостаноци навремено се изрекуваат педагошки мерки. За оправдување на изостаноците се повикува родител и се потврдува болеста со лекарско оправдување. Двојната контрола на оправданите изостаноци има за цел да ја намали злоупотребата на невалидни лекарски оправдувања.<br>Учениците поради различни причини се отпишуваат од училиштето. Најчести причини за отпишувањето се: префрлување во друго училиште, заминување во странство, преминување на вонредно школување и други слични причини.<br>Во учебната 2022/2023 година вкупно се отпишале 2 ученици.Во учебната 2023/24 година на 1 ученик му е |

| | | |
|---|---|---|
| | | изречена педагошка мерка отстранување од училиштето.<br>-Намален е бројот на ученици во гимназиско образование и интересот за запишување во гимназиско образование. Во стручното образование има паралелки со мал број на ученици.<br>- Сите наставници се трудат да ги задржат учениците, наоѓаат модуси на работа, за да можат да одат учениците напред, да не се откажат од школувањето или да не ја повторуваат годината.- Според законот за средно образование при премин на учениците од едно во друго училиште потребна е преведница.<br>Кога доаѓаат ученици од други училишта во нашето училиште задолжително се разгледуваат податоците во преведницата, во однос на редовноста и потигнувањата на ученикот. Исто така, кога наш ученик се префрла во друго училиште во преведницата се запишуваат потребните податоци (изостаноци и оценки). |

| 2.3. | Повторување на учениците | |
|---|---|---|
| **Прегледани документи** | **Теми** | **Активности** |
| ¬ Годишен статистички извештај за средни училишта за учебната 2022/2023 и 2023/2024 година;<br>¬ Статут научилиштето;<br>¬ Закон за средно образование;<br>¬ Записници од Наставнички совет | ¬Ученици кои не ја завршуваат годината | –Во учебната 2022/2023 година наставата ја следеле 183 ученици од кои 79 женски и 104 машки ученици. Годината ја завршиле вкупно 180 ученици а 3 ученици не ја завршиле годината.<br>Во учебната 2023/2024 година наставата ја следеле 190 ученици од кои 76 женски и 114 машки ученици. Во јуни годината ја завршиле 168 ученици, на поправен испит биле упатени 9 ученици и 13 ученици на испити на годината. Според националната структура, 66,8 % се македонци, 29,4% турска националност и 3,68% српска.<br>-Во 2022/2023 година повторувале 3 ученици.<br>-Во 2023/2024 година има ученици кои полагаат поправни испити и испити на годината во јуни и август.<br>-Според Законот за средно образование и Статутот на училиштето, постои процедура со која му се дава можност на ученикот кој ја повторува годината да поднесе приговор. За оваа можност ученикот и родителот (старателот) ги информира класниот раководител и педагошко-психолошката служба. Приговорот се поднесува до Наставничкиот совет на кој понатаму се разгледува и се решава по приговорот. |

| | Методи кои се користени | Учество: кој беше вклучен во собирање на овие информации | Информации кои се собрани |
|---|---|---|---|
| | **Анкета за ученици** | Тим на наставници одговорни за ова подрачје :<br>Александар Пандов<br>Јаворка Стојанова<br>Марјан Терзиев | **Анкетирани се вкупно 74 ученици, од кои 38 женски(или 51%) и 36 машки(или 49%), а по национална структура 58% македонци, 27% турци, 2% срби и 13% друго.** |
| | | | 1. 71% од анкетираните се согласуваат,12% делумно се согласуваат, а 17% не се согласуваат со тоа дали училиштето има дозволува избор на предмети.<br>2. 53% се согласуваат, 46% делумно се согласуваат и 1% не се согласуваат со тоа дека наставниците се достапни да помагаат на учениците при извесни потешкотии во нивната работа.<br>3. 74% од учениците се согласуваат и 26% делумно се согласуваат со тоа дали училиштето води евиденција за редновноста и поведението на учениците.<br>4. 29% од учениците се солгасуваат, 40% делумно се согласуваат и 31% не се согласуваат дека се вклучени во вон-школски активности.<br>5. 56% се согласуваат, 41% делмно се согласуваат и 3% од учениците не се согласуваат дека наставните средства и помагала им се достапни за да завршат некоја работа за време на часот.<br>6. 33% од учениците се согласуваат, 60% делумно се согласуваат и 7% не се согласуваат дека училиштето го следи напредокот на они ученици кои имаат потешкотии во учењето или на оние |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | | со посебни потреби.<br>7. 60% од учениците се согласуваат, 21% делумно се согласуваат и 19% не се согласуваат дека кабинетите по физика и хемија овозможуваат експериментална настава.<br>8. 60% од учениците се согласуваат, 27% делумно се согласуваат и 3% од учениците не се согласуваат со тоа дали учениците добиваат информации за својот напредок. |

| Методи кои се користени | Учество: кој беше вклучен во собирање на овие информации | Информации кои се собрани |
|---|---|---|
| **Анкета за наставници**<br><br><br><br><br><br><br><br><br><br><br><br><br><br>**Анкета за родители** | **Тим на наставници одговорни за ова подрачје :**<br>Александар Пандов<br>Јаворка Стојанова<br>Марјан Терзиев | **Анкетирани се вкупно 22 наставници, од кои 12 женски(или 54,5%) и 10 машки(или 45,5%).**<br>1. 86% од анкетираните се согласиле, 14% делумно се согласиле дека наставниците коирстат различни методи и форми за оценување и еведентирање на напредокот на учениците.<br>2. 91% од анкетираните наставници се согласуваат,9% делумно се согласуваат дека наставниците користат различни методи и форми во наставата<br>3. 60% од анкетираните се согласиле, а 40% делумно се согласиле дека учелиштето им дава доволно информации на родителите за напредокот на учениците<br><br>Анкетирани се вкупно 38 родители од кои 20 женски и 18 машки,<br>1. 87% се согласуваат, 10% делумно се согласуваат и 12% не се согласуваат дека родителите се добро информирани за тоа како нивното дете напредува.<br>2. 97% се согласуваат дека училиштето редовоно ги запознава родителите со отсуствата на учениците во наставата<br>3. 92% се солгасуваат се согласуваат дека родителите редовно се информирани за состојбата и оценките на учениците. |

| | | |
|---|---|---|
| **Анкета за мислењето на локалната заедница** | **Тим на наставници одговорни за ова подрачје :**<br>Александар Пандов<br>Јаворка Стојанова<br>Марјан Терзиев | Анкетирани се 24 испитаници од локалната заедниац , од кои 10 машки(или 41,6%) и 14 женски(или58,4%) од кои 70% Македонци, 16% Турци, 8% Срби и 4% Црногорци<br>- 79% се информирани за насоките и струките кои постојат во училиштето;<br>- 30% сметаат дека се информирани за работата на уќилиштето, додека 45% понекогаш се информирани за работата на училиштето;<br>-На прашањето од каде најчесто добивате информации за активностите во училиштето ,анкетираните се изјасниле: FB, социјални мрежи, Радио Валандово и сл. |

**Резултати:**

**Клучни јаки страни**

- Подеднакво ангажирање на учениците од страна на наставниците без разлика на полот и етничката припадност;
- Следење на напредокот на учениците со потешкотии во учењето;
- Следење на редовноста на учениците и причините за отсуствата;
- Ангажираност на наставниците во намалување на осипувањето научениците;
- Се следи и анализира состојбата со успехот и постигнувањата на учениците по паралелки, години и струки со споредбени показатели со претходната учебна година.
- Училиштето вложува напори за да ги подобри постигнувањата на учениците со употреба на разни форми и методи во наставата, дополнителна настава, индивидуална работа.
- Постои добра соработка на релација наставник-родител(кај некои наставници и кај некои родители), наставник-наставник и наставник-ученик при што постои взаемно почитување како по етничка така и по полова припадност
- Употреба на разновидни и нови наставни форми и методи, како и ИКТ технологии од страна на наставниците се со цел за подобрување на постигањата на учениците
- Јавно и транспарентно оценување на постигањата на учениците
- Учество на натпревари преку кои талентираните ученици ги проширувааат и продлабочуваат своите знаења
- Добриот капацитет на училиштето со техничка опрема и нагледни средства (со мали исклучоци)
- Мал е бројот на ученици кои ја повторуваат годината
- Малиот број на ученици кои не се во можност да ја завршат државната матура

**Слаби страни**

- Недоволна искористеност на информатичка технологија и современи техники на учење;
- Нередовност на одделни ученици;
- Послаби постигања на учениците од земјоделско-ветеринарната струка;
- Подршка на учениците со тешкотии во учењето;
- Недоволна соработка со родители;
- Зголемен број на изостаноци;
- Намалување на бројот на ученици во училиштето особено во гимназиските паралелки

**Анализа на резултатите:**

Според собраните и анализираните податоци можеме да кажеме дека постигањата на нашите ученици се добри. Според компаративна анализа на резултатите доаѓаме до констатација дека учениците во прва и втора година континуирано ги зголемуваат своите постигања, додека во трета опаѓат тие постигања за да во четврта година повторно имаме раст на успехот кај сите ученици. Постигнатата просечна оценка од 3,73 во сите години е одраз на добрите постигања кои ги имаат нашите ученици. Наставниците подеднакво ги ангажираат сите ученици во наставниот процес без разлика на етничка припадност и пол. Оценувањето на учениците е коректно. По потреба се организира дополнителна настава за ученици со потешкотии во учењето и оние кои не покажуваат позитивни резултати. Со надарените ученици се работи повремено пред натпревари и слични ревии. Успехот на учениците во здравствената и машинската струка во првите години е повисок во споредба со успехот во земјоделско ветеринарната струка.

Таквите резултати се должат на меѓусебната соработка помеѓу наставниците и учениците. На учениците им се доставуваат бесплатни учебници и се обезбедуват средства и извориза реализација на наставата со што се подобруваат условите и можностите за подобри постигања во воспитно-образовниот процес. Секако дека би требало да ја нагласиме и соработката на наставниците со родителите преку советувања, одржување родителски средби, отворен ден за родителите и е-дневникот преку кои активности родителите ги добиваат потребните информации за постигањата на нивните деца. Со собирањето на податоците исто така доаѓаме до констатација дека е мал бројот на ученици кои ја повториле учебната година или го напуштиле нашето училиште. Послаби резултати постигнуваат учениците од машинската и земјоделско-ветеринарната струка.

Во нашето училиште не постои дискриминација врз основа на полова и етничка основа со што им се дава можност за напредување во учењето и во постигнувањето добри резултати.

Наставниците се трудат на сите можни начини да извлечат позитивни резултати од учениците, но повторувањето секогаш е последица на нередовноста, слабата заинтересираност на учениците и недисциплината. Во овие случаи постои и недоволна заинтересираност на родителите и нивна вклученост од решавање на проблемите.

**Идни активности: Приоритетни подподрачја (оддели) во рамките на ова подрачје кои може да бидат вклучени во планот за развој на училиштето**

- Изведување на квалитетна дополнителна настава и додатна настава;
- Поголемо искористување на информатичка технологија и современи техники на учење;
- Континуирана вклученост на родителите во следење на постигањата на учениците;
- Соработка со родителите чии ученици покажуваат нередовност и послаб успех во наставата;
- Мерки и активности за подобрување на успехот на учениците во машинската и земјоделско-ветеринарната струка ;
- Мерки и активности за зголемување на бројот на ученици.

Изработиле:

Александар Пандов – координатор
Јаворка Стојанова
Марјан Терзиев

*Во евалуацијата на ова подрачје треба да одговорите на што е можно поголем дел од главните прашања. Можеме да додадете и одговори на други прашања кои сметате дека се важни за вашето училиште, а не се опфатени во рамката за самоевалуација.*
*Треба да направите убид да ги вклучите колку што е можно сите клучни фактори во вашето училиште и во локалната заедница и каде е потребно да внимаваме на родовите односи кои може да влијаат на квалитетот на учење и настава во вашето училиште.*
*Не се потпирајте само на пишани документи. Обезбедете да податоците собрани во оваа област исто така вклучуваат колку што е можно и пишани коментари, набљудувања и визуелни докази.*

**Оддели во рамките на подрачјето :**
**1.Планирање на наставниците**
**2.Наставен процес**
**3.Искуства на учениците од учењето**
**4.Задоволување на потребите на учениците**
**5.Оценување како дел од наставата**
**6.Известување за напредокот на учениците**

| Бр. | Индикатори за квалитет | Теми | Активности |
|---|---|---|---|
| **3** | **Учење и настава** | | |
| **3.1** | **Планирања на наставниците** | | |
| **Прегледани документи** | | **Теми** | **Активности** |
| ¬ Наставни планови и програми<br>¬ Годишни, тематски планирања и дневни подготовки<br>¬ Програми за дополнителна и додатна настава<br>¬ Програми за класен час<br>¬ Програми на активи<br>¬ Годишна програма на училиштето | | ¬ Индивидуални планирања на наставниците<br>¬ Поддршка и следење на планирањата на наставниците<br>¬ Размена на искуства и информации при планирањето<br>¬ Распоред на часови | ¬ За реализација на наставните планови и програми наставниците подготвуваат годишни, тематски и дневни планирања. Планирањата на наставниците содржат: цели на учењето, активности на часовите – интерактивни форми и методи, очекувани резултати од учењето, домашна работа, проверка на постигнувањата на учениците, констатации.<br>¬ Дневните планирања се сработуваат во е- верзиа или во пишана форма, а некои наставници паралелно ги користат и двата начина. Истите се достапни на увид од страна на директор, стручна служба и државен просветен инспекторат.<br>¬ Изготвените годишни и тематски планирања наставниците ги доставуваат на почетокот на учебната година до стручната служба во електронска форма.<br>¬ Во планирањата се наведуваат и содржини кои ќе се реализираат со примена на ИКТ во наставата. |

| | | |
|---|---|---|
| ¬ Записници од состаноците на стручните активи<br><br>¬ Распоред на часови | | ¬ Во планирањата наставниците применуваат еко – содржини т.е. проекти од еко-стандардите кои се поврзани со содржините на предметите и одговараат со возраста на учениците.<br>¬ Во планирањата наставниците применуват содржини од МИО преку заеднички и самостојни активности со сродни предмети.<br><br>За ученици кои покажуваат слаби резултати при совладувањето на наставните содржини наставниците планираат часови за дополнителна настава.<br>- За проширување и продлабочување на знаењата наставниците планираат додатни часови.<br>- Најдоцна до 20 септември во тековната учебна година на видно место во училиштето се истакнува распоред за дополнителна и додатна настава за секој наставен предмет.<br>- Повеќе наставници во Програмата за класниот час интегрираат и содржини од образование за животни вештини, МИО самостојни активности кои одговараат на возраста на учениците.<br><br>-Се изготвуваат планирања за Проектните активности и Содржини програмирани од училиштето. |

| | | |
|---|---|---|
| | | ¬ Се следат планирањата на наставниците од директор и/или од стручна служба и државниот просветен инспекторат. Најмалку два пати во едно полугодије се следат планирањата на наставниците од страна на педагошката служба и директорот.<br>¬ Стручната служба е достапна за консултативни разговори и сугестии со цел да се подобри наставниот процес преку користење на интерактивни техники и методи и примена на ИКТ во наставата.<br>¬ Целите на наставата, очекуваните исходи од учењето и начинот на оценување се јасно утврдени во планирањето.<br>¬ Активностите, вклучувајќи ги и домашните задачи се планираат за ефективно да се искористи времето на ученикот и на наставникот.<br>¬ Наставниците планираат и разменуваат искуства и идеи во рамките на стручните активи, во однос на: реализација на наставната програма, примена на интерактивна настава, примена на ИКТ во настава, МИО, ЕКО активности дополнителна и додатна настава, заедничка подготовка на тестови и други инструменти за оценување, учество на натпревари и др.<br>- Распоредот на часови го изготвува директорот во соработка со стручната служба. |

| 3.2. | Наставен процес | |
|---|---|---|
| **Прегледани документи** | **Теми** | **Активности** |
| - Годишни, тематски, дневни планирања<br>-Програми за дополнителна и додатна настава<br><br>¬ Изработени проекти од ученици<br><br>-Записници од стручен актив<br><br>¬ Годишна програма на училиштето<br>¬ Формулар за следење на наставниот час | ¬ Наставни форми и методи<br><br>¬ Употреба на ИКТ во настава<br><br>¬ Избор на задачи, активности и ресурси<br><br>¬ Интеракција меѓу наставници и ученици<br><br>¬ Приодот на наставникот кон учениците<br><br>¬ Следење на наставниот процес | ¬ Наставниците користат разновидни форми и методи (на пример: вербален, демонстративен, текст метод, илустративен, надблудување и истражување, и др.), и различни техники (на пример: Грозд, коцка, вртелешка, бура на идеи, Венов дијаграм и др.), кои соодветствуваат на потребите на учениците и нивните начини на учење.<br><br>¬ Наставниците применуваат ИКТ во наставата (истражување од страна на учениците, часови подготвени со power point презентации, и др.). Примена на ИКТ во наставата се реализира со застапеност од 20-30%.<br><br>¬ Активностите на наставниците и учениците се планирани ефективно да се искористи времето од часот што ќе придонесе кон постигнување на очекуваните резултати.<br>¬ Во сите училници има функционално нови Smart табли и LCD проектори за целосно пренесување на информациите и метеријалот. |

| | | |
|---|---|---|
| | | Наставниците применуваат наставни форми и методи за развивање на индивидуалните вештини на секој ученик.<br><br>Наставниците користат различни ресурси и приоди за реализација на наставата и тоа одобрени учебници, стручна литература, алатки за пребарувања, линкови за употребување и покажување на вежби,сајтови од одредена тематика и.т.н.<br><br>Изборот на задачи и активности поврзани со работата на учениците на час наставниците ги планираат и тие се во соогласност со предвидените цели во наставата.<br><br>Избор на задачи и активности со различно ниво на сложеност во дополнителната настава овозможува совладување на материјалот кај ученици кои имаат потешкотии во учењето.<br><br>Избор на задачи и активности со повисоко ниво на сложеност во додатната настава овозможува подготовка на учениците за натпревари, |

| | | |
|---|---|---|
| | | дополнително користење на збирки, стручна литература и други активности поврзани со напредокот на учениците.<br><br>¬ Учениците се поттикнуваат активно да учествуваат во наставата.<br>¬ Наставниците користат позитивни приоди да ги мотивираат учениците (преку пофалби, разговори) за активно учество во наставниот процес. Најголем број од наставниците се однесуваат со учениците на начин кој промовира взаемно почитување, помош, соработка и разбирање. При тоа не прават разлика меѓу учениците според нивниот пол, социјалното потекло и етничката и религиска припадност.<br><br>¬ Учениците реализираат содржини од Учење преку работа и практична настава во соработка со компании од нашата општина. Феријалната практика се реализира за време на летниот распуст.во училиштето и компании од општината.<br><br>¬ Наставниот процес во училиштето го следи директорот и стручната служба. |

| 3.3. | Искуства на учениците од учењето | |
|---|---|---|
| **Прегледани документи** | **Теми** | **Активности** |
| ¬ Разговор со ученичката заедница, родителите, наставниците;<br>¬ Ученички досиеја;<br>¬ Извештај за работа на училиштето;<br><br>¬ Пофалници и награди освоени од ученици<br>¬ Планирања на наставниците<br>¬ Проекти во кои | ¬ Средина за учење<br><br>¬ Атмосфера за учење<br><br>¬ Поттикнување на учениците за преземање одговорност<br><br>¬ Интеракција на учениците меѓу себе и со возрасните во училиштето | ¬ Постои добра средина за учење пријатна атмосферата со која тие создаваат меѓусебните односи.Сите ученици меѓусебно си помагаат за решавање на било каков проблем поврзан со училиштето. Тие исто така имаа relax катче каде поминуваа дел од нивното слободно време во училиштето за време на одморите. На крајот од оваа школска година учениците од сите возрасти заеднички креираа катче каде ќе може да поминуваат време заедно. Катчето е опремено со различни едукативни игри, а исто така има и маси и столчиња каде тие би можеле и да појадуваат.<br><br>-Пофалници и награди од учениците се поставуваат на видно место во училиштето.<br>¬ Наставниците ги охрабруваат учениците самостојно да мислат, да поставуваат прашања и да изведуваат заклучоци за она што го учат во наставата.<br>¬ Додатната настава вклучува мал број на ученици во однос на нивна подготовка за учество на натпревари. |

| | | |
|---|---|---|
| се вклучени ученици и наставници | | |
| | | - Организирање на дополнителната настава за ученици со послаб успех , овозможува охрабрување и мотивација за постигнување на подобар успех.<br>¬ Учениците преземаат различни одговорности во процесот на учење<br>- Учениците заеднички работат на различни проекти, во и надвор од наставата, во групи со различен состав и големина,во државата и надвор од неа.<br>Учениците и возрасните учествуваат во повеќе заеднички активности, одбележување на значајни датуми, еколошки акции, хуманитарни акции и слично. |

| 3.4. | Задоволување на потребите на учениците | |
|---|---|---|
| **Прегледани документи** | **Теми** | **Активности** |
| ¬ Разговор со ученичката | - Идентификување на образовните потреби на учениците | - Наставниот кадар и стручната служба ги идентификуваат образовните потреби на |

| | | |
|---|---|---|
| заедница, родителите, наставниците;<br>¬ Увид во ученички досиеја;<br>¬ Увид во евиденцијата на стручната служба;<br>¬ Е-дневник (часови за одржана дополнителна и додатна настава, подготвителни часови и консултации за државна матура); | - Почитување на различните потреби на учениците во наставата | учениците, како и пречките во процесот на учење на секој ученик и превземаат активност: реализација на целите предвидени во наставните програми;<br>На крајот од прва година учениците во гимназиско образование избираат еден предмет кој ќе го изучуваат како изборен во втора година;<br>- На крајот од втора година учениците преку анкетен лист се определуваат за подрачјето и изборните предмети кои ќе го изучуваат во гимназиското образование;<br>- На крајот од втора година учениците во стручното образование самостојно избираат еден или два предмети и модули во зависност од струката кои ќе ги изучуваат како изборни во трета и четврта година;<br>-Исто така според своите желби и афинитети учениците преку анкетни листови ги избираат проектните активности и содржини програмирани од училиштето.;<br>-Учениците вршат избор на предмети кои ќе ги полагаат во државната матура;<br><br>- Наставниците во процесот на поучување користат различни методи и техники со цел да им се даде можност на учениците со различни стилови на учење да го постигнат својот максимум. |

| | | |
|---|---|---|
| ¬ Планирања на наставниците<br>¬ Листи од изборни предмети<br>¬ Листи од проектни активности | | ¬ Наставниците организираат за учениците со потешкотии при усвојување на материјалот дополнителна настава, а ги охрабруваат и мотивираат надарените ученици за проширување на знаењата и учество на натпревари преку додатната настава.<br><br>- Наставниците организираат и подготвителна настава, косултациии за учениците кои се определуваат за државна матура.<br>- Учењето кај работодавач се одвива според правилата за работа.<br>- Во училиштето постои кариерен центар за учениците . Активностите ги реализираат наставници кои имаат посетувано обуки за кариерен развој на учениците. Учениците имаат можност да се информираат и да учествуваат во процесот на донесување на одлука околу своето идно занимање и изборот на факултет кој ќе го студираат. Мал дел од учениците ги користат овие можности преку кариерниот центар. |

| 3.5. | Оценувањето како дел од наставата | |
| --- | --- | --- |
| **Прегледани документи** | **Теми** | **Активности** |
| - Програма за работа на училиштето;<br>- Стандарди за оценување дефинирани од БРО;<br>- Увид во педагошка евиденција и документација;<br>- Користени инструменти за оценување (тестови на знаење, листи за проверка, бодовни листи);<br>- Записници од состаноци на стручни активи, наставнички совет; | Училишна политика за оценување<br><br>¬ Методи и форми за оценување<br><br>¬ Користење на информации од оценување во наставата | -Наставниците користат различни форми и методи за оценување и континуирано го следат и оценуваат напредокот на учениците.<br>-Оценување е преку писмени и усннi одговори, презентации, проекти, истражувачка работа, изработка на предлог теми, активност за време на час и др.<br>-Учениците не се доволно вклучени во оценувањето (преку самооценување, меѓусебно оценување, градење критериуми, водење портфолија и сл.).<br>-Наставниците даваат повратни информации и дискутираат со учениците за нивната работа.<br>-Наставниците ги користат информациите добиени од оценувањето за да го евалуираат и подобрат планирањето и спроведувањето на наставата.<br>-Информациите што се прибираат од оценувањето во наставата се употребуваат во целосното оформување на општиот успех на учениците и служи како патоказ кој треба да се насочи потребната помош за подобрување на успехот.<br>- |

| 3.6. | Известување за напредокот на учениците | |
|---|---|---|
| **Прегледани документи** | **Теми** | **Активности** |
| - Увид во педагошка евиденција и документација;<br>- Евиденција  на наставници за оставарени средби и соработка со родители;<br><br>- Записници од родителски средби;<br>- Записници од состаноци на родители претставници на училишен одбор;<br>-Електронски дневник. | - Известување на родителите за напредокот на учениците | - Училиштето има утврден систем за известување на родителите за напредокот на нивните деца и доследно го применува. Системот вклучува редовно прибирање информации за постигањата на учениците и давање транспарентна и конкретна повратна информација на родителите и учениците за оценката, вклучувајќи и детални препораки за подобрување на постигањата за секој ученик посебно. За таа цел се користат формални и неформални средби, групни и индивидуални средби со родителите  на кои  се пренесуваат информациите. Родителите добиваат и пишани евидентни листови на тромесечија со информации и детали за напредокот на нивното дете по секој наставен предмет. Стручната  служба, е подготвена во секој момент за соработка како со родителите, така и со учениците.<br>-  Информации родителите добиваат и преку електронскиот дневник при што на почеткот на годината ги ажурираат податоците кај раководителите на паралелките. |

<table>
<tr><td colspan="3">Собирање на податоци (и) кои други методи се користени за собирање на податоци? (пр. Прашалници, анкети, набљудувања)</td></tr>
<tr><td>Наведете ги другите методи кои се користени за собирање на податоци</td><td>Учество: Кој беше вклучен во собирање на овие информации: Наставници</td><td>Кои информации се собрани?</td></tr>
<tr><td>-Спроведена анкета за наставници (Анкети рани 22 наставник, од 12 машки и 10 женски).<br><br>Спроведена анкета за ученици (Анкетирани 65 ученика, 58% македонци, 27% турци,1,5 % срби)</td><td>Професори:<br>Марија Узунов<br>Милка Каракотева<br>Сељами Тахир</td><td>Според процентот на анкетирани наставници и ученици, во нашето училиште има воспоставено добра комуникација со учениците,еднаков приод, взаемна почит и поддршка. Според одговорите од анкетите за наставници најголем процент од нив (95%) се согласуваат со ова или имаат позитивно мислење во овој поглед. Како резултат на анкетираните ученици и големиот процент на позитивни одговори (75%) може да видиме дека односите меѓу наставниците и учениците се засновани на заедничко почитување<br><br>Според анкетите направени во нашето училиште најголем процент од наставниците (83%) користат разновидни форми и методи што соодвествуваат на потребите и можностите на учениците и нивните стилови на учење, додека мал број од нив или само 5% од нив понекогаш ги користат погоре наведените форми. Сите наставници редовно им даваат повратни информации на учениците за нивната работа, и дискутираат со нив за нивниот напредок.<br>За тоа какви методи за оценување се користат ,може да се види од годишните и тематските планирања на секој наставник, било да се работи за усно оценување(повторување,излагање,презентирање,итн.) или писмено оценување(тестови,тематски ливчиња,писмени работи,и др)<br><br>На прашањето дали учениците ја знаат нивната можност за вработување преку профилот што сте го избрале, 75%одговориле со позитивен одговор.<br>Во училиштето постои кариерен центар за учениците . Активностите ги реализираат наставници кои имаат посетувано обуки за кариерен развој на учениците. Учениците имаат можност да учествуваат во процесот на донесување на одлука околу своето идно занимање и изброт на факултет кој ќе го студираат.<br>За тоа дали училиштето нуди можност учениците да вршат избор за наставни предмети,72% одговориле со-да,11%-понекогаш и 17 % -не.</td></tr>
</table>

| | | |
|---|---|---|
| **Анкета со родители** | Професори:<br>Марија Узунов<br>Милка Каракотева<br>Сељами Тахир | Во однос на тоа какви информации им се даваат на родителите за напредокот на учениците од направената анкета се гледа дека 97% од наставниците им даваат информации на родителите за напредокот на учениците. Од направените анкети за родители можеме да забележиме дека освен преку електронскиот дневник тие добиваат информации и преку вибер групи, родителски средби и други социјални мрежи.<br>За тоа што им недостига на нивните деца во училиштето најмногу одговориле со компјутерска опрема, кујна (просторија за храна), лабораторија за експерименти, подобри тоалети, шкафови, подобрување на хигиената и повеќе практична настава. |

**Резултати : овде треба накратко да ги образложите вашите клучни јаки страни и слабости**

| |
|---|
| **Клучни јаки страни**<br>-Навремено изготвување на глобални, тематски и оперативни планови за работа<br>-Соработка помеѓу наставниците, директорот и педагошката служба<br>-Нема полова, национална и социјална разлика<br>- Училиштето навремено изготвува распоред за часови<br>-Кај секој ученик има доволен број на евидентирани оценки<br>-Родителите се редовно известувани за напредокот на своите деца<br>-Пријатна атмосфера за учење<br>-Учениците сами да избираат изборни предмети<br>-Учество на разни проекти во и надвор од државата<br>-Снабденост на сите училници со технички уреди за следење на наставата. |
| **Слаби страни:**<br>-Недоволен интерес за напредокот и успехот на учениците од страна на родителите;<br>-Зголемен број на часови во распоредот за часови во стручното образование;<br>-Мала понуда од компании и фирми од општината за вклучување во реализацијата на Учење преку работа кај работодавач; |

**Анализа на резултатите:** ***Овде дадете подетална евалуација на ова подрачје***

Наставниците ги подготвуваат годишните, тематските и оперативните наставни планови. Истите се проверуваат од страна на директорот и педагогот во училиштето. Во училиштето активно работат стручните активи во кои наставниците ги разгледуваат и бараат решенија што се однесуваат за нивниот домен, а постои активна соработка и помагање меѓу стручните активи. Најдобрите ученици редовно го претставуваат училиштето, на регионални, државни или меѓународни натпревари. Од друга страна пак, за учениците кои послабо напредуваат во воспитно образовниот процес се организираат дополнителни часови, се организираат разговори со родителите на ученикот и активно се вклучува и класниот раководител на паралелката од која е ученикот и педагогот на училиштето. Наставниците за евидентирање на постигањата на учениците користат со бројчени оцени, кои ги запишуваат во Е-дневникот на паралелката. Учениците за своите постигнувања се известуваат преку коментарите на наставниците, преку постигнатите оценки на тестовите, писмените работи и се разбира со евидентираните заклучни оцени во евидентните листови. Покрај предметните наставници и класните раководители редовно ги известуваат не само учениците, туку и нивните родители за постигнувањата на учениците. Родителите се известуваат директно на организираните родителски средби за класовите, каде што добиваат детални информации за успехот, редовноста и поведението индивидуално за секој ученик.

При подготвувањата на планирањата, наставниците меѓусебно разменуваат искуства и меѓусебно си помагаат.

Училиштето ја проценува работата на наставниците преку следење на наставата од страна на директорот и стручната служба.

**Идни активности: Приоритетни подрачја (оддели) во рамките на ова подрачје кои можат да бидат вклучени во планот за развој на училиштето:**

Активности за зголемување на интересот за напредокот за успехот на учениците од страна на родителите;

Проширување на понудата од компании и фирми од општината за вклучување во реализацијата на Учење преку работа кај работодавач;

Изработиле:
Марија Узунов
Милка Каракотева
Сељами Тахир

# 4. Подрачје: Поддршка на учениците

**Оддели во рамките на подрачјето:**

- **Севкупна грижа за учениците**
- **Здравје**
- **Советодавна помош за понатамошно образование на учениците**
- **Следење на напредокот**

| Бр. | Индикатори за квалитет | Теми | Активности |
|---|---|---|---|
| 4 | **Поддршка на учениците** | | |
| 4.1. | **Севкупна грижа за учениците** | | |

| Прегледани документи | Теми | Активности |
|---|---|---|
| • Годишна програма за работа научилиштето<br>• Статут на училиштето<br>• Програма за работана директорот<br>• Куќен ред на училиштето<br>• Увид во просторните капацитети | ¬Заштита од физички повреди и елементарни непогоди | Во годишната програма на училиштето се прикажани просторните капацитети и услови за работа во училиштето, безбедноста на учениците и вработените од различни непогоди, превентивни програми и обуки, дадени се куќниот ред и кодексите на однесување на сите чинители во училиштето.<br>Училишниот простор обезбедува доволна сигурност за изведување настава. Инфраструктурата во училиштето (мебелот, скалите, подовите, кровот, прозорците, струјните места, дворот и.т.н) не претставуваат потенцијална опасност од повредина учениците, училиштето располага со два официјални влеза и еден спореден влез.<br>Куќниот ред на училиштето е истакнат на видно место. Секој ученик може да го прочита и мора да го почитува истиот. |

| | | |
|---|---|---|
| | | Во кабинетите и во лабораторијата за реализација на практичната настава и практичните вежби, користењето на хемикалии, алати-прибор, инструменти и материјали со кои можат да се повредат учениците, се изведува само под надзор на наставник. |
| • Правилник за постапување при елементарни непогоди<br>• Програма за заштита и спасување од елементарни непогоди | | Програмата за заштита од елементарни непогоди предвидува едукација на учениците и наставниот кадар во случај на (земјотрес, поплави, пожари и сл.) едукација на тимови и симулација. Во програмата  е предвидено симулација на вежби за елементарни непогоди и вежба за излегување на учениците од училиштето при елементарна непогода (се планира еднаш годишно )во соработка со ТППЕ-Валандово.<br>За заштита од пожари училиштето има обезбедено противпожарни апарати, извршена е обука на вработените за ракување со ПП апарати, има направено план за евакуација кој е истакнат наповеќе видни места во училиштето, Правилник за ППЗ, како и акти и упатства за постапување во случај на елементарни непогоди. Одговорни  наставници за ракување со ПП апарати се Г.Прочков,С.Митков<br>•  За прва помош училиштето располага со катче за прва помош (во кој има основни  медикаменти за давање на прва помош).Во училиштето наставници обучени локална здравствена интрвенција ( прва помош) се: А.Занова,С.Митков, |

| | | |
|---|---|---|
| • Годишна програма за работа на училиштето<br>• Кодекс за однесувањена | ¬Превенција од насилство | • Во годишната програма за работа на училиштето е претставена политиката за превенција од насилството, во која се вклучени сите засегнати субјекти во училиштето: директор, наставници, стручна служба, ученици, родители, локалназедница,<br>• Училиштето има пишан документ - кодексна |

| | | |
|---|---|---|
| Ученици<br>• Кодекс за однесувањена наставници<br>• Анкети со ученици, наставници и родители<br><br>• Куќен ред на училиштето<br>• Распоред за дежурствaво училиштето<br><br>• Извештаи од проекти | | однесување на ученици и наставници во кој се дефинирани сите облици на однесување на учениците и наставниците и при тоа се дефинираат сите облици на физичко и психичко насилство. Тој е истакнат на видно место каде може секој да го прочита.<br><br>• Во училиштето постои видео надзор со кој се покриени ходниците и надворешниот дел од училиштето.<br>• Секојдневните дежурства на наставниците за време на одморите и часовите, контролата на влез во училиштето и дисциплината низ училиштето уште повеќе ја зајакнуваат грижата на учениците.<br>• Училиштето има добра соработка со МВР и со одделенијата за малолетничка деликвенција и семејно насилство чии претставници доаѓаат секогаш да одржат предавања за видовите на насилства и превенцијата однив, превентивни предавања во врска со зависности, опасност од употреба на петарди и др.).<br>• За  учениците беа одржани неколку работилници за јакнење на некои  вештини кај учениците со што беа опфатени  и темите за комуникација и конфликти. |
| • Статут на училиштето<br>• Извештај за работат на училиштето | ¬Заштита од пушење, алкохол и дрога | Пушење, алкохол и дрога се најстрого забранети. На видни места поставени се налепници за забрана за пушење. При секое отстапување се постапува со соодветни педагошки мерки согласно Статутот на училиштето и протоколот за реагирање при сомневање за користење или поседување алкохол или дрога во |

| | | |
|---|---|---|
| • Програма за работа на раководител на паралелка со програма за ОЖВ<br><br>• Записници од педагошко-психолошката служба<br>• Записници од одржани родителски средби<br>• Записници од одржани совети на паралелки | | училиштето.<br>• Класните раководители посветуваат по неколку класни часови во текот на учебната годинапосветени на овие теми. Се одбележуваат деновите за борба против зависностите на глобално ниво со соодветни предавања.<br>• Учениците редовно се едуцираат како да се заштитат од современите пороци благодарејќи на соработката на училиштето со здравствени организации чии претставници - лекари доаѓаат во училиштето и им одржуваат предавања на учениците за штетните последици од пушењето, консумирањето алкохол и наркотични средства.<br>• Најмалку два пати во текот на годината МВР во соработка со ОК Црвен Крст на Валандово вршат превенција за наркоманија, алкохолизам и пушењето. |
| | ¬ Квалитет на достапна храна | • Наставниците водат кампања и дебати за здрава исхрана на учениците во рамкина класните часови преку програмата за животни вештини. Се обележува светскиот ден на храната ,светскиот ден на гладот , се со цел да се подигне свеста кај учениците за поврзаноста на исхраната и здравјето.<br>• Учениците се снабдуваат со храна од маркетите и продавниците за брза храна во градот најчесто за време на големиот одмор. |
| | ¬ Поддршка на учениците со | • Пристапот во училиштето е прилагоден на |

| | | |
|---|---|---|
| • Годишна програма за работа на училиштето<br>• Програма од специјалниот едукатор и рехабилитатор на училиштето | телесни пречки во развојот | потребите на учениците со телесни пречки со тоа што западниот влез е прилагоден со изградена пристапна рампа. Дел од внатрешните скали се прилагодени со пристапна рампа.<br>• Училиштето соработува со родителите во обезбедување грижа за децата со телесни пречкиво развојот и друг вид попреченост.<br>• Училиштето  соработува со Центарот за социјални работи и со дневниот центар за деца со посебни потреби.<br>• Училиштето има вработен специјален едукатор и рехабилитатор ,кој соработува и со учениците и со наставниците со цел да ги едуцира за пристапот до учениците со попреченост за нивно вкклучување во образовниот процес. |
| • Извештаи од проекти и вон наставни активности,<br>• Интервју со педагогот и специјалниот едукатор и рехабилитатор на училиштето<br>• Меморандум и со локалната самоуправа. | ¬Грижа за ученици од социјално загрозени семејства | • На учениците од социјално загрозените семејства им се пристапува особено внимателно и кон истите се превземаат соодветни активности за санирање или ублажување на нивната состојба. За таа цел се организираатакции за хуманитарна помош во рамките на училиштето.<br>• Училиштето соработува со центрите за социјална работа и активно е вклучено во проектот за условен паричен надоместок за ученици од социјално загрозени семејства. |

## 4.2. Здравје

| Прегледани документи | Теми | Активности |
|---|---|---|
| ¬ Увид во училишниот простор<br>¬ Годишна програма за работа на училиштето<br>¬ Куќен ред<br>¬ Записници од санитарна инспекција<br>¬ Санитарни книшки на вработените<br>¬ Потврда за извршено ДДД | –Хигиена и заштита од болести | λ Во годишната програма на училиштето е планирана грижа за здравјето на учениците, а грижата се спроведува низ програмите на соодветните наставни предмети. Тим од наставници е задолжен за реализирање и организирање на предавања во врска со заштита од болести и одбележување на датуми поврзани со одредени болести.<br>λ Хигиената во училиштето задоволува. Тоалетите за учениците и наставниците се чисти и дезинфицирани во секое време од денот. Во секоја училница има корпа за отпадоци и сретства за дезинфекција. Ходниците и скалите се чистат најмалку три пати во денот, подот и мебелот во училниците се чистат два пати во денот (пред почетокот, и на крајот на денот. Генерално чистење на просториите се врши еднаш во месецот.<br>λРедовно се спроведува ДДД на училишната зградаи санитарни прегледи на вработените согласно позитивните законскинорми.<br>λДворот на училиштето е чист од секаков вид отпадоци, има корпи, а дрвцата, цвекињата и зелените површини редовно се одржуваат, има поставено еко пароли кој се почитуваат.<br>λВо текот на учебната година се реализираат еколошки и работни акции за чистење на училишниот двор, садење цвекиња, селектирање на отпад (пластика и хартија), рециклирање на хартија(компостирање) и друг отпад што може да се рециклира.<br>λСекоја учебна година се спроведуваат санитарни прегледи за вработените. |

| | | |
|---|---|---|
| ¬ Годишна програма за работа научилиштето<br>¬ Извештаи од систематски прегледи<br>¬ Извештаи за вакцинација на учениците<br>¬Записници од совет на паралелка<br>¬ Записници од наставнички совет | ¬Грижа за учениците со здравствени проблеми | λНаставниците низ наставата ги спроведуваат и еко- стандардите.<br><br>λ Во соработка со здравствените домови се одржуваат предавања за превенција од заразни болести или епидемии.<br>λ Секоја година за учениците од прва и трета година има систематски прегледи и се вакцинираат согласно календарот на Министерството за здравство.<br><br>λНаставниците редовно ги советуваат учениците за правилно одржување на личната хигиена.<br>λУчилиштето спроведува процедури за учениците кои заради хронично заболување или посериозни повреди подолго време отсуствуваат од редовна настава<br>λНаставниците постапуваат согласно медицинските препораки (доколку е препораката да не вежбаат на часовите по спорт и спортски активности се постапува по неа).<br>λСекоја учебна година се спроведува осигурување од повреди на учениците и вработените во училиштето. |

| 4.3. | Советодавна помош при натамошно образование на учениците | |
|---|---|---|
| **Прегледани документи** | **Теми** | **Активности** |
| • Флаери, постери од образовни институции<br>• Записници од родителски средби<br><br>• Програма за работа на кариерниот центар<br>• Наставни програми | λДавање помош при избор на занимањето/институ-цијата за понатамошно образование, до усовршување или вработување | • Училиштето им обезбедува на учениците јасни, точни и најнови информации за понатамошно образование или вработување. За таа цел се користат промотивни материјали на образовните институции и се врши посета на саеми на образование и соодветни образовни институции. Училиштето има одлична соработка со претставници од високото образование (факултети )каде ги промовираат нивните програми и услови за студирање ,тоа им дава јасна слика на нашите ученици каде да го продолжат нивното образованије.<br>• Во училиштето работи центарот за кариера. Мал дел од учениците се вклучуваат и добиваат советодавна помош за развој на сопствен кариерен план, изработка на кратка биографија, подготовка на интервју за работа, истражување на високообразовни институции, идентификување на работни места согласно избраното занимање, активно барање на работа итн.<br>• Во годишната програма по предметот содржини програмирани од училиштето во втора и трета година се изучува - кариера и кариерно советување и подготовка за вработување и работа.<br>• За учениците се организираат и активности за професионална ориентација. |

| | | |
|---|---|---|
| Интервјуа со наставници<br>Интервју со едукатор<br>Интервјуа со директор<br>Записници од разговори со родители, ученици, служби од МВР и центри за социјална работа | λГрижа за учениците со емоционални потешкотии | • Се врши редовно информирање на родителите и учениците за помошта што може да ја добијат во училиштето преку пишани и усни соопштенија од страна на стручните служби.<br><br>Во зависност од потребата, а на барање на одреден ученик или класен раководител кој ќе забележи ученик со емоционални проблеми се закажуваат и се водат индивидуални разговори помеѓу педагогот-специјалниот едукатор и рехабилитатор или вклучување на родителите и соодветни институции.<br>Класните раководители и наставниците учествуваат при разрешување на конфликтни ситуации меѓу учениците. |

| 4.4. | Следење на напредокот | |
|---|---|---|
| **Прегледани документи** | **Теми** | **Активности** |
| ¬ Разгледување на педагошка евиденција и документација (Дневници на паралелки, евидентни листови и сл.) и евиденција на заминатиили новодојдени ученици (преведници идр.)<br>¬ Записници од родителски средби<br>¬ Досие на ученик<br>¬ Записник од совет на паралелки за изборна најдобар ученик | ¬Водење евиденција за индивидуалниот напредок на учениците | λ Наставниците водат целосна и уредна документација за постигнувањата, редовноста и поведението на секој ученик, како и за неговиот интелектуален, социјален и емоционален развој. Постои ефективна соработка меѓу раководниот кадар, стручната служба, класните/предметните наставници и родителите за постигањата научениците.<br><br>λ Избор на најдобар ученик се врши според Правилникот за избор на ученик на генерација на СОУ “Гоце Делчев ”-Валандово преку комисијата за специјални настани и детска благосостојба од Училишниот одбор каде се содржани условите, критериумите и елементите по кои се рангираат и кои треба да ги исполнат предложените ученици од |

| | | |
|---|---|---|
| ¬Правилник за избор на ученик на генерација<br><br>¬Записници од совети на паралелка<br>¬Записници од наставнички совет<br>¬Записници од разговори<br><br>¬Главни книги | -Следење на напредокот на учениците по паралелки | завршните класови. Посебно се избира ученик на генерација од гимназија со посебни критериуми ,и истакнат ученик  кој покажува посебен интерес  од земјоделско-ветеринарна струка со посебни критериум. Целта е да се стимулира напредокот и амбицијата на учениците за подобар успех на нивното образование.<br><br>Следење на напредокот на ученикот преку записник од совет на паралелка и од досието на ученикот. Наставниците водат евиденција за постигнатиот успех на учениците (преку континуирано оценување – формативно и сумативно), присутност (редовно евидентирање на изостаноци – оправдани и неоправдани). Класните раководители на крајот на секое тримесечие и полугодие поднесуваат извештај за постигањата на паралелката.<br>Следењето на напредокот на учениците е евидентирано во е-дневникот на паралелката. Родителите редовно, најмалку четри пати годишно се известуваат за напредокот на учениците на родителските средби или на индивидуални средби (на отворен ден на предметниот наставник).<br>λ Напредокот на учениците се бележи и во евидентни листови за секое тромесечие, како и во електронскиот дневник од кој податоците се достапни и се добиваат на e-mail адреса на родител/старател или преку електронска пошта.<br>λ Ваквата евиденција им е достапна на  наставници, стручни и раководни служби и родителите, а на барање на учениците и за самите ученици.<br>λ На крај на годината учениците добиваат свидетелство за постигнатиот успех. |

| Методи кои се користени | Учество: кој беше вклучен во собирање на овие информации | Информации кои се собрани |
|---|---|---|
| **Анкета за ученици** | Тим на наставници одговорни за ова подрачје :<br><br>• Ангелина Занова<br>• Тања Наумова<br>• Владимир Пилиповиќ | Анкетирани 74 ученици од кои 51%женски и 49% машки .<br><br>1. На прашањето„Дали се чуствувате безбедни во училиштето и училишниот двор“ 94,6% одговориле дека се чувствуваат безбедно, а 5,4% одговориле со не. Дел од учениците не одговориле на ова прашање.<br>2. На прашањето „Дали училиштето ви обезбедува содветна едукација за вирусни и други вирусни заболувања, (превенција) 48% од учениците одговориле дека училиштето обезбедува евакуација за вируси и други вирусни заболувања, 9% многу, 18% од учениците одговориле дека училиштето обезбедува евакуација за вируси само понекогаш, додека 25% одговориле со не.<br>3. На прашањето –“Дали во училиштето се одржуваат (предавања ,работилници)за содржини како што се меѓуврсничко насилство ,превенција од пушење,алкохол,дрога-најголем дел околу 82% одговориле дека учествувале ,додека 18% одговориле дека не учесвувале на работилници ,предавања<br>4. На прашањето дали „Наставниците имаат разбирање за физичките и емоционалните потреби на учениците“ 57,89% од учениците одговориле дека се согласуваат, 24,06% од учениците делумно се согласуваат, а 18,05% од учениците не се согласуваат. |

5. На прашањето Дали односот меѓу наставниците и учениците се базира на взаемно почитување?
   75% од учениците одговориле со да, 20% од учениците одговориле понекогаш, а само 5% не.
6. На прашањето Што е тоа што не ти се допаѓа за твоето училиште?
   -Учениците одговориле: тоа што секој ден имаме по 7-8 часа, ништо, училниците, однесувањето на одредени професори, нема во близина продавница за храна, краток голем одмор, хигиената, санитарните јазли.
7. На прашањето Кои се твоите придобивки од вон-школските активности?
   -Учениците одговориле: спортските активности, запознавање со нови активности, стекнување на нови вештини и знаења, запознавање на нови култури преку проектите кои се реализираат,не сум учествувал.
8. На прашањето На што сте горди на своето училиште?
   -Учениците одговориле: на резултатите, на проектите, на вон –школските активности, на набавка на средства за реализација на настава,на професорите, на опуштената атмосфера,на дружењето.

| | | |
|---|---|---|
| **Анкета за родители** | Тим на наставници одговорни за ова подрачје:<br>• Ангелина Занова<br>• Тања Наумова<br>• Владимир Пилиповиќ | Анкетирани се вкупно 36 родители,<br>1. Дали на родителските средби сте разговарале за условите во кои вашите деца учат?<br>Одговориле 76,3% да,5,2%многу,5,2% понекогаш,13% не<br>2. На прашањето дали добро сум информиран за тоа како моето дете напредува. 86% од родителите одговориле со да, 5,2% од родителите одговориле дека се многу информирани, 7,8% дека понекогаш се информираат<br>3. На прашањето што им недостасува на вашите деца во училиштето?<br>Одговориле: Подобри тоалети ,шкафови ,компјутерска орема , кујна сапуни и тоалети во ве-це , униформи<br>4. Сметате ли дека вашето дете е безбедно во училиштето?<br>Да 100%<br>5. Која позитивна страна на училиштето би ја издвоиле?<br>-средината во која се наоѓа ,учество во проекти,соработка со професорите,редовно и навремено информирање,организиран и редовен превоз. |

| Методи кои се користени | Учество: кој беше вклучен во собирање на овие информации | Информации кои се собрани |
|---|---|---|
| • **Анкета за наставници** | Тим на наставници одговорни за ова подрачје:<br>• Ангелина Занова<br>• Тања Наумова<br>• Владимир Пилиповиќ | Анкетирани се вкупно 22 наставници од кои 10 женски и 12 машки.<br>На прашањето колку училиштето ги идентификува здравствените проблеми подеднакво кај машките и женскиоте ученици ?<br>66,4% од анкетираните наставници одговориле дека училиштето ги идентификува здравстените проблеми, 22% понекогаш, а само 9% одговориле дека не ги идентификуваат здравствените проблеми.<br>На прашањето дали применувате разновидни начини за да обезбедите учество во различни активности ,користење на ресурси според нивните потреби и стилови на учење особено во групи ученици со различни потреби , 83% од анкетираните наставници одговориле да .<br>1. На прашањето како училиштето се справува со проблемите што ги прават одредени ученици ?<br>Наставниците одговориле: Разговори со стручната служба<br>Разговор со учениците, разговор со класните раководители, разговор со родителите, изрекување на педагошки мерки.<br>4. На прашањто на што сте горди на своето училиште ?<br>Наставниците одговориле: На бројните успеси на колегите и учениците ,задодоволување на потребите на заедницата,на учениците ,пријатна асмофера за учење. |

**Резултати:**

**Клучни јаки страни**

- Училишниот простор е безбеден за изведување на настава;
- Солидна соработка помеѓу наставниците, стручните служби, родителите и учениците;
- Подеднаква поддршка на сите ученици без разлика на пол националност верска припадност или ученици со посебни образовни потреби;
- Грижата за учениците со емоционални потешкотии и социјални проблеми од страна на стручната служба и наставниците;
- Во училиштето редовно се одржуваат активности за превенција од насилство и заштита од пороците на денешницата (пушење, алкохол и дрога);
- Училиштето располага со едуциран тимски кадар за прва помош,за користење на против пожарни апарат ,и справување со кризи.
- Училиштето има целосна соработка со Локалната заедница, Здравствените домови, МВР и ТППЕ;
- Наставниците изготвуваат редовни извештаи и анализи по класификациони периоди за својата паралелка за успехот, поведението, редовноста и напредокот на учениците;
- Изготвените извештаи и анализи по паралелки се целосно достапни за сите структури во училиштето;
- Во училиштето редовно се организираат систематски прегледи за учениците и вработените.
- Пристапот во училиштето е прилагоден за ученици со телесни пречки во развојот.
- Постоење на инклузивен тим.
- Учениците создадоа свое катче за поттикнување на разговори, размена на идеи, креативни изрази, соработка и градење на позитивни меѓусебни односи. Преку ученичка заедница потикнуваат младински активизам, промоција на безбедна училишна средина преку реализирана иницијатива: ‘Кафето има милион приказни’.

**Слаби страни**

- Нема организирана исхрана и контрола на квалитет на храната во кругот на училиштето;
- Не постои посебен тоалет за ученици со попреченост;
- Недоволна едукација од стручни лица и дебати со цел да се подигне свеста кај учениците за поврзаноста на исхраната и здравјето.

| **Анализа на резултатите:** |
|---|
| После спроведената анализа се констатира следново:<br><br>Наставата во училиштето се одвива во соодветни услови. Наставниците и учениците се придржуваат кон куќниот ред на училиштето. Училишната инфраструктура е безбедна и не претставува потенцијална опасност од повреди на учениците при реализирање на наставата. Само одредени наставниците се обучени за давање на прва помош, а дел од вработените за ПП заштита. Потреба од дополнителна обука се јавува кај нововработениот кадар. Програмата за заштита од земјотреси предвидува симулација, но досега е еднаш изведена (само за ученици)<br><br>Кодексот на однесување на учениците е поставен на видно место во училиштето, во него се дефинирани сите облици на однесување и сите форми на психичко и физичко насилство. Влегувањата и излегувањата на учениците во училиштето и училишниот двор се контролирани со видео надзор и присуство на дежурните наставници. Со Статутот на училиштето најстрого се забранува пушење, алкохол и дрога. Секое отстапување е казнето со соодветни педагошки мерки. Наставниците укажуваат доколку се забележи користење на овие супстанции, потоа се одвиваат понатамошни советувања со цел да се превентира понатамошна појава. Учениците понекогаш присуствуваат на предавања од здравствени организации, исто така овие теми се дискутираат и за време на класните часови (ОЖВ работилници).<br><br>Училиштето нема организирана исхрана и контрола на квалитетот на храната која се нуди во околината, но се води кампања за здрава исхрана меѓу учениците на некои од наставните предмети и класниот час. Потребно е подигање на свеста за значењето на исхраната за здравјето. Во училиштето се води грижа за учениците со посебни потреби преку поттикнување на учениците и наставниците за давање помош во наставните и вонаставните активности. Просторните можности се соодветни за ученици со телесни пречки во развојот но во училиштето не постои посебен тоалет и посебен пристап за нив. |

Со особено внимание се пристапува кон учениците од социјално загрозените семејства со цел да не се повреди нивната личност. За учениците од социјално загрозените семејства се организираат хуманитарни акции, а исто така училиштето активно соработува со надлежните институции за спроведување на програмата за условен паричен надоместок.

Хигиената во училиштето е на задоволително ниво, повеќе пати во текот на денот се чистат ходниците, училниците и тоалетите. Редовно се спроведува ДДД (два пати годишно) на училишната зграда и санитарни прегледи на вработените согласно позитивните законски норми. За превенција од заразни болести во училиштето редовно се одржуваат предавања. Училиштето соработува со Здравствениот дом и сите ученици се редовно вакцинирани и систематски прегледани. Наставниците постапуваат согласно медицинските препораки за грижа за учениците со хронични заболувања или посериозниповреди.

Преку промотивни материјали, посета на образовни институции, училиштето им нуди на учениците, јасни, точни и навремени информации. Исто така Центарот за кариера со помош на Прирачникот им овозможува знаења и вештини во обеласта на развој на кариерата. Училиштето соработува со приватниот сектор преку кои е организирана практичната настава за учениците.

Наставниците во училиштето водат целосна и уредна документација за постигнувањата, редовноста и поведението на секој ученик како и за неговиот интелектуален, социјален и емоционален развој. Родителите редовно се информираат за успехот и поведението на учениците од класните раководители, од е-дневникот и електронска пошта. Во евиденцијата се внесени и податоци за напредокот на учениците кои се направени од страна на наставниците и стручните служби. Постои соработка на највисоко ниво помеѓу раководниот кадар, стручната служба, наставниците, родителите и учениците.

Наставниците подготвуваат редовни извештаи и анализи по периоди за својата паралелка, а одговорните на совет на паралелки подготвуваат извештаи за редовноста, успехот и педагошките мерки до Наставничкиот совет што се одржува редовно и по потреба. Анализите и извештаите се целосно достапни за сите наставници, стручни служби, раководен кадар, Родители и ученици и се користат за подобрување на воспитно–образовниот процес. Избор на најдобар ученик се врши

| |
|---|
| според критериум за избор на ученик на генерација на СОУ „Гоце Делчев” -Валандово преку комисја за спецјални настани благосостојба при У.О. каде се содржани условите, критериумите и елементите кои се рангираат и кои треба да ги исполнат предложените ученици од завршните класови. По посебни критериуми за гимназија и посебни за земјоделско-ветеринарна струка (машинска струка, електротехничка струка и здравство и социјална заштита кој учениците треба да ги исполнат .(наградата е парична). |
| **Идни активности: Приоритетни подподрачја (оддели) во рамките на ова подрачје кои може да бидат вклучени во планот за развој на училиштето**<br>• Организирана квалитетна исхрана во кругот на училиштето; .<br>• Прилагодување и изградба на тоалет за ученици со попреченост;<br>• Зголемување на обемот на предавања од стучни лица со цел да се подигне свеста кај учениците за поврзаноста на исхраната и здравјето. |

Изработиле:

- Ангелина Занова – координатор на тимот
- Тања Наумова
- Владимир Пилиповиќ

# 5. Училишна клима

**Оддели во рамките на подрачјето:**

**Училишна клима и односи во училиштето**

**Промовирање на постигањата**

**Еднаквост и правичност**

**Партнерски однос со родителите и со локалната и деловната заедница**

| Бр | Индикатори за квалитет | Теми | Активности |
|---|---|---|---|
| **5** | **Училишна клима** | | |
| **5.1** | **Училишна клима и односи во училиштето** | | |

| Прегледани документи | Теми | Активности |
|---|---|---|
| **Закон за средно образование**<br><br>**Е- Дневници за работа во паралелките 2022/2023, 2023/2024** | Углед на училиштето | Училиштето во своето опстојување, со својата стручна едукација на учениците им овозможува да се оспособат за продолжување на школувањето на некој факултет, понатамошна работа и да си обезбедат егзистенција.<br>Покрај теоретската, се организира и практична настава во стручното образование.<br><br>Учениците учествуваат на натпревари од различни рангови каде некои од нив постигнуваат забележителни резултати.<br>Училиштето реализира и проекти во Еразмус +програмата за мобилност.<br>Од анализата на запишаните состаноци за одржаните Родителски средби е констатирано дека речиси во сите паралелки има одржано по 4 родителски средби.<br>На родителските средби родителите ги искажуваа своите ставови во однос на резултатите од успехот и дисциплината на своите ученици и даваа свое видување на што резултира успехот и дисциплината на учениците.<br><br>Советот на родители разгледува прашања од областа на |

| | | |
|---|---|---|
| **Книга на состаноци на Совет на родители**<br><br>**Извештаи за работа на стручни активи**<br><br>**Куќен ред на училиштето** | | ученичката проблематика, како редовност, успех, организирање на дополнителна настава, изведување на екскурзии. Евидентирани се мал број на состаноци на Советот на родители на училиштето.<br><br>Наставниците изготвуваат годишни програми за работа на стручните активи и на крајот на наставната година изготвуваат извештаи за работа на стручните активи.<br><br>Во Куќниот ред на училиштето дадени се насоките за работата на училиштето кои се однесуваат на учениците и наставниците како насоките по кои функционира училиштето. Училиштето води грижа за здравјето и безбедноста на учениците, ги негува родовата сензитивност и мултикултурализам и се труди за зајакнување на партиципацијата на учениците, родителите и заедницата во училишниот живот. |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | **Закон за средно образование**<br>**Статут на училиштето** | | Кодекс на однесување | Училиштето има Кодекс на однесување се поставени принципите, правилата и обврските на однесување на учениците, наставниците и другите структури во училиштето. Училиштето има пишани процедури за реагирање во случај на прекршување на принципите и правилата на однесување кои се пропишани со кодексот и истите процедури ги спроведува вопракса**.** |
| | | | Училишна клима | Во училиштето постои професионална соработка меѓу вработените и сите структури кои се вклучени во воспитно-образовниот процес што се изразува со тимска работа која придонесува за постоење на добра атмосфера во училиштето.<br>Раководниот и наставниот кадар настојуваат да одржат добра атмосфера во училиштето.Во училиштето постои взаемно почитување и доверба меѓу учениците од различен пол, етничка припадност и различни способности. |

| | | |
|---|---|---|
| ¬ **Закон за средно образование**<br>¬ **Кодекс на однесување**<br>¬ **Куќен ред**<br>¬ **Годишни анализи за успех и поведение**<br>¬ **Евиденција за изрекување на педагошки мерки**<br>¬ | ¬Поведение и дисциплина во училиштето | Дисциплината и поведението на учениците задоволува. Работната атмосфера за време на наставата е на задоволувачко ниво. Вработените внимателно, и авторитетно се справуваат со проблемите во однос со редовноста и дисциплината, а исто така се грижат за однесувањето и безбедноста на учениците за време на одморите и часовите преку дежурства.<br>Училиштето соодветно го применува правилникот за изрекување на педагошки мерки.<br>Во учебната 2022/2023 год. направени се вкупно 9611, од кои 8534 оправдани и 1077 неоправдани изостаноци.<br>Во учебната 2023/2024 год. Бројот на изостаноци е зголемен или направени се вкупно 11728 од кои 10530 оправдани и 1198 неоправдани изостаноци.<br>Во учебната 2023/24 година 81% од учениците имаат примерно поведение, 10% имаат добро поведение и 8% незадоволително. |
| **Годишна програма на училиштето**<br>**Соопштенија** | Партиципација на учениците во решавање проблеми и донесување одлуки | Учениците навремено се информирани и придонесуваат во решавањето на проблемите и донесувањето одлуки за работите што се од нивен непосреден интерес.<br>Преку ученичката заедница учениците учествуваат во разрешување на некои проблеми меѓу ученици и поттикнување на меѓусебна соработка. |

| 5.2 | Промовирање на постигањата | |
|---|---|---|
| **Прегледани документи** | **Теми** | **Активности** |
| ¬ Годишен извештај на училиштето<br>¬<br>¬ Годишни извештаи на активите | - Промовирање на личните постигања на учениците<br><br>- Промовирање на постигањата во име на училиштето | Во однос на промовирање на постигањата на учениците во изминатиот период се создадени услови за промоција на збиднувања во училиштето, а во тој контекст и постигањата на учениците. Во училиштето се изложуваат трудови на учениците. Личните постигања на учениците се објавуваат на училишната ФБ страна , на ФБ страната на Радио Валандово, гостување во радио Валандово и Клик училиштен медиум. За постигањата учениците добиваат благодарници од училиштето.<br>На facebook како и училиштниот медиум / Клик се споделуваат сите активности на училиштето. Училишната веб страна помалку се користи при промовирањето на училиштето.<br><br>Исто така, има одржување на промотивни настани, како што се патронен празник, свечено доделување на дипломи, избор на ученик на генерацијата, како и презентација на реализирани проекти.<br><br>Активно работат веб страната и facebook профилот и во континуитет се пласираат сите активности на училиштето, т.е на наставниците и на учениците.<br><br>Секоја година во рамките на манифестацијата Образовно рандеву, која се одржува во различни градови, учениците од стручното образование изготвуваат училишен штанд, на кој се претставува училиштето преку соодветен |
| Пофалници, пехари, добиени награди | | |

| | | |
|---|---|---|
| | | рекламен материјал за училиштето.<br><br>Во текот на учебната 2022/23 година, беа реализирани часови по одредени предмети, како и други активности на кои присуствуваа деветоодделенци од централните, подрачните како и од училишта од други општини.<br>Направени се флаери, како и видео во завршетокот на годината, со кои учениците го промовираат училиштето како и своите успеси во него. Направен е QR код, за полесен пристап до училиштето.<br>Од страна на наставниците, посетени се централните и подрачните училишта, како и надвор од општината, со цел учениците да се запознаат со работата на нашето училиште..<br>Директорката исто така прави посети на основните училишта, како и разговори со родителите со цел да ги запознае со можностите кои ги нуди нашето училиште.<br>Училиштето соработува со Радио Валандово, како медиум, кој редовно не промовира и кој направи интервју со деца кои своето образование ќе го продолжат токму во нашето училиште во струките кои ги нуди.<br><br>Направени се и интервјуа на ученици кои учеле во нашето училиште, а сега се успешни во своите кариери.<br>Во училиштето беше организиран отворен ден на училиштето, со цел претставување на училиштето пред учениците од основните училишта и пошироката заедница.<br><br>Беа направени штандови, на кои се претстави секоја струка посебно, беше организирана наградна игра како и дегустација на училишното вино од страна на наставниците кои ги придружуваа учениците од основните училишта. |

| | | |
|---|---|---|
| | | Пригодна програма учениците  и наставниците подготвија и презентираа при одбележувањето на парониот празник на училиштето . Беше одбележан јубилејот 50 години гимназиско образование со програма во салата при Домот на културата “Јанко Узунов“ во Валандово.<br><br>Учениците учествуваа на работилница за препознавање на булинг-врсничко насилство и други видови насилство со цел препознавање, превенција и постапување во конкретна ситуација на булинг.<br>Традиционално и оваа година  учениците од земјоделско-ветеринарна струка со преку посебна програма учествуваа во одбележувањето на денот на лозарите “Св.Трифун“ на површините на училишната економија со традиционално закројување на лозјето .<br>Училиштето беше презентирано на Саем за социјално претприемништво во Струмица со проектот Еко-фарма. Преку оваа можност тие директно учеа како да ги презентираат своите производи на пазарот на трудот, маркетинг и продажба како битни сегменти на еден успешен бизнис.<br>Учениците учествуваа на Саем за локален развој – ЛАГ ЕКСПО 2022 на кој беа претставени активностите во стручното образование во училиштето.<br>Во Дојран се одржа камп за претприемништво и иновации за млади.<br>Ученици од училиштето беа гости во Europe house-Струмица со цел запознавање со работата и активностите на оваа младинска канцеларија. Имаа кратка дискусија и ги изразија своите ставови околу активностите кои заеднички би ги реализирале . |

| | | |
|---|---|---|
| | | Тим од ученици беа учесници во активности за Божиќната валандовска ноќ во центарот на градот .<br><br>Меѓународниот ден на франкофонијата учениците го одбележаа со изработка на презентации за застапеноста на франкофонијата во светот.<br><br>Ученици присуствуваа и учествуваа во програмата на Фестивалот “Хид Бах Шен Фест“во с. Башибос во делот на “Пролетните веселби“ и обичаите кој е под заштита на Унеско.<br><br>Во учебната 2023/2024, Europe House заедно со нашето училиште го организираше настанот Fit in to the future, со цел за подобрување на целокупната благосостојба на нашето тело.<br><br>Ученици и професори учествуваа на Медиумски ден за средношколци 2023, во организација на Институтот за комуникациски студии при што беа посетени Сител ТВ и Радио Слободна Европа.<br><br>Одржана е манифестација „Есенски бои преточени во валандовски плодови“ за промоција на домашни брендови и бизниси.<br><br>Во Europe House беше презентирано нашето искуство со Ерасмус програмите.<br><br>Нашите ученици учествуваа на работилница организирана од Преда Плус – Дојран каде што тема на работата беше : Стратешки маркетинг со примена на алатката Бизнис модел за развој на бизнис стратегија и планирање на бизнис активности. |

| | | |
|---|---|---|
| | | Учениците учествуваа во процесот на лицата со попреченост, со свое учество во добротворниот саем „Исчекорете и подарете“.<br><br>Членовите на ученичката заедница посетија обука на тема „Комуникациски вештини“, во рамките на проектот„Промоција на безбедна училишна средина“, со цел да ги рзвијат своите меки вештини, да го зајакнат своето учество во ученичката заедница и да го подобрат своето знаење и искуство. Одбележани се значајни денови, како 6 Ноември, 3 декември, како ден на лицата со попреченост кој што заеднички беше одбележан со централните основни училишта во општината.<br><br>Во текот на учебната година, беа реализирани часови по одредени предмети, како и други активности на кои присуствуваа деветтоодделенци од централните и подрачните училишта.<br><br>Неколку од заедничките часови на кои присуствуваа деветтооделенците: Интерактивна работилница на часот по Англиски јазик на тема: “Различностите не обединуваат во еден заеднички свет.”<br>Час по Бизнис и претприемништво – на кој се запознаа со ИКТ алатка применлива во наставата “Educaplay” и имаа можност да решаваат квизови на знаење.<br>Се одржаа заеднички часови и активности по одредени предмети, во соработка со колегите од основното централно училиште.<br>Се одржаа Новогодишен и Божиќен Базар, на кои беа присутни деветтоодделенците.<br><br>Во чест на 14 февруари - СОУ „Гоце Делчев“ е еден од |

| | | |
|---|---|---|
| | | носителите на општинските активности по повод овој празник.<br>Производите на учениците од СОУ „Гоце Делчев“ Валандово беа изложени на штандот поставен на плоштадот во Валандово.<br>Со цел да се поддржат првите претприемнички искри кај нашите ученици.<br>Учениците учествуваа на едикативна работилница за зголемување на свеста за сеизмичкиот ризик, која се реализираше преку проектот ИСРА.<br>Од страна на ученици беше изработено промотивно видео и беа посетени централните и подрачните училишта, како и надвор од општината, со цел да ги запознаат деветтоодделенците со работата на нашето училиште, со профилите кои располагаме, опремата, стручниот кадар на професори итн.<br>Тече соработката со Радио Валандово, како медиум, кој редовно не промовира.<br>Оваа година училиштето изработи и професионално видео за промоција.<br>Во училиштето се организираше „Trash fashion“ фестивал. Група ученици дизајнираа креации од отпад и организираа натпревар за најдобро сработена креација.<br>Учениците испратија апел дека треба да се подигне грижата за животната средина и да се зголеми еколошката свест. Воедно се одбележа претстојниот патронен празник на нашето училиште.<br>Учениците успешно го претставија училиштето во повеќе категории на "Образовното рандеву" 2024 организирано од МАССУМ кое што се одржа во Радовиш. |

| 5.3 | Еднаквост и правичност | |
|---|---|---|
| **Прегледани документи** | **Теми** | **Активности** |
| ¬ Закон за СО | - Познавање на правата на децата | Стручната служба, наставниците и сите вработени во училиштето ги знаат и почитуваат правата на децата. Родителите се запознаени со правата на децата, а исто така преку советот на родители дејствуваат доколку дојде до нарушување на истите. |

| | | |
|---|---|---|
| Закон за СО<br>Статут на училиштето | - Еднаков и правичен третман на сите ученици | Вработените во училиштето подеднакво се однесуваат кон сите ученици, независно од етничката припадност, полот, социјалното потекло.<br><br>Училиштето постојано работи на создавање позитивна клима ,преку реализација на програмата Образование за животни вештини каде се обработуваат содржини на тема еднаквост и правичност на сите ученици.<br>Училиштето ги промовира еднаквоста и правичноста како вредности од највисок ред и води политика на позитивно вреднување на етничката, културната, верската и јазичната разноликост. |
| Извештај за работа на училиштето | - Прифаќање и промовирање на мултикултурализмот | Училиштето води политика на позитивно вреднување и промовирање на етничката, културната, верската и јазичната разноликост во училиштето и заедницата. Во училиштето наставата се изведува на македонски јазик. Покрај македонци во училиштето се школуваат и ученици од турската заедница, српската заедница, ромската и други заедници.<br>Учениците учат да ја почитуваат сопствената и културата на другите етнички заедници.без оглед на која етничка група и припаѓаат и на кој јазик ја посетуваат наставата.<br>Во училиштето се планираат и изведуваат активности (самостојни и заеднички) согласно со проектот за Мултиетничка интеграција во образованието.<br>Учениците од различните етникуми со задоволство ги прифаќаат и учествуваат во овие МИО-активности, со целосна поддршка од родителите.Нашите ученици реализираа заеднички активности со партнер училиштето од Гостивар. |

| 5.4 | Партнерски однос со родителите и со локалната и деловната заедница | |
|---|---|---|
| **Прегледани документи** | **Теми** | **Активности** |
| Годишна програма на училиштето<br>Програма за работа на Училишниот одбор<br>Записници од советот на родители<br>Записници од родителски средби | - Соработка на училиштето со родителите | Училиштето прави напори преку активности да ги вклучи родителите во воспитно-образовната работа.<br>Евидентирани се мал број на состаноци на Совет на родители.<br><br>Училиштето преку организирање на родителски средби им дава на родителите информација за сите аспекти од работата на училиштето, како што се организацијата, активностите, успехот и редовноста. Родителските средби се оддржуваат заедно со отворен ден, каде се присутни сите наставници, каде родителите имаат можност за информирање поединечно за секој наставен предмет.<br><br>Доколку е потребно во текот на учебната година се оддржуваат и индивидуални родителски средби и поединечна комунилкација.<br>Забележана е мала присутност на родители на родителски средби во поедини паралелки. |
| ¬Годишна програма на училиштето<br>¬Извештаи за работа/соработка | - Соработка со локалната заедница | Согласно со законските одредби училиштето остварува соработка со локалната заедница преку меѓусебни контакти, обуки, организирање и учество на настани од заеднички интерес. |

| | | |
|---|---|---|
| Годишна програма на училиштето<br>Договор со деловната заедница<br>Програми на активите<br>Извештаи од наставниците по практична настава | Соработка со деловната заедница и граѓанскиот сектор | СОУ „Гоце Делчев“ Валандово . остварува соработка со институции од деловната заедница и граѓанскиот сектор.<br>Училиштето има соработка со неколку компании од општината и соседни општини во рамки на реализација на програмата по предметот Учење преку работа кај работодавач за секторите Земјоделство, рибарство и ветеринарство, Машинство и Здравство и социјална заштита.<br><br>Министерство за земјоделие – консултативни средби на директорот со претставници од подрачното министерство заради ставање во владение на земјиштето кое го користи училиштето за реализација на практичната настава. Такви средби се остварени и на повисоко ниво со претставници од МЗШ заради решавање на истите прашања.<br><br>Агенција за развој на земјоделие и рурален развој - средби на директорот со претставници од агенцијата заради ставање во владение на земјиштето кое го користи училиштето за реализација на практичната настава.<br><br>Националната агенција за европски образовни програми и мобилности - консултативни средби со директорката на агенцијата заради можности на програмите кои ги нуди агенцијата за аплицирање на проекти. |

| | | |
|---|---|---|
| | | Управа за јавни приходи – едукативни предавања од претставник со вработен од оваа институција на теми за фискаланта политика и даноците во нашата држава.<br><br>Со ОО “Црвен крст“ реализирани се следните работилници и предавања за учениците и вработените: работилница за “Превенција од алкохол, наркотички средства и пушење“, предавање за укажување “Прва медицинска помош“, предавање за “Превенција и заштита од СИДА“.<br><br>Со ОВР Валандово реализирани се следните активности: следните работилници и предавања за учениците: работилница за “Превенција од алкохол, наркотички средства и пушење“, “Заштита од трговија со луѓе, “Последици ос употреба на петарди и друг пиротехнички материјал“ и “ Врсничко насилство“<br><br>Здравен дом Валандово во соработка со Универзитетската клиника за пластична хирургија Скопје во училиштето одржа предавање за подигање на свста против користење на пиротехника “ Петардите ги уништуваат празниците“.<br>Во соработка со Противпожарната единица од Валандово се реализираше тактичко показна вежба со учениците и вработените за “Интервенирање и постапување во случај на пожар “.<br>Во учебната 2023/2024, во соработка со Агенцијата за вработување на РСМ, беше одржано предавање на тема: |

| | | |
|---|---|---|
| | | „Можностите на пазарот и трудот“.<br>На 10ти и 11ти ноември, претставници од нашето училиште учествуваа на воведната работилница од новиот проект "Промоција на безбедна училишна средина" кој го спроведува Coalition of youth organizations SEGA во партнерство со МЦГО - Македонски центар за граѓанско образование / MCEC, Прва детска амбасада Меѓаши / First Children's Embassy и SmartUp - Social Innovation Lab, со поддршка од Детската фондација Песталоци Kinderdorf Pestalozzi.<br>Во соработка со ОО Црвен крст беше одржано предавање на тема: „Прва медицинска помош“.<br>Во организација на Младински сојуз - Крушево се презентираше новата дигитална платформа www.digicoop.net.<br>Реализирана е заедничка активност по повод 22 февруари- Светски ден на извидниците, како резултат на успешната соработка помеѓу нашето училиште и Извиднички Одред Младост -Валандово.<br>Нашето училиште работи и соработува со институции и организации заради една единствена цел –младински активизам.<br>Сето ова им обезбедува простор на нашите ученици креативно, иновативно и слободно да се изразуваат и да се ангажираат во заедницата во која живеат и делуваат.<br>Остварена е соработка со Црвен крст, каде нашите ученици од земјоделската струка учествуваа со свои производи на штандот на градскиот пазар.<br>Меѓуинституционална соработка, на час по педагогија – посета на детска градинка „Калинка“.<br>Посета на Основен суд - Гевгелија |

| Методи кои се користени | Учество: кој беше вклучен во собирање на овие информации | Информации кои се собрани |
|---|---|---|
| ¬**Анкета за наставници, ученици родители и локалната заедница** | ¬**Тим на наставници:**<br>Марија Коцева<br>Валентика Пандова<br>Златко Јанчев | Поголем дел од анкетираните родители ( 90%), се задоволни од комуникацијата со наставниците, раководниот тим и останатите вработени во училиштето.<br><br>Над 80% од анкетираните родители, наставници и ученици (без оглед на способности, род, етничка припадност, вера и потекло), се изјасниле дека постои објективен и непристрасен однос со учениците, се чувствуваат меѓусебно прифатени и меѓусебе се почитуваат без разлика на полот, пречки во умствениот и физичкиот развој и етничката припадност.<br><br>Во училиштето анкетирани се наставници од различна етничка припадност од кои од машки пол и од женски пол, родители од различна етничка припадност од кои од машки пол и од женски пол и ученици од различна етничка припадност.<br><br>Од спроведената анкета добиени се следните резултати:<br>Анкета со ученици:<br>75 % од анкетираните ученици, позитивно одговориле на прашањето дека наставниците им помагаат кога имаат потешкотии.<br><br>68 % од учениците се добро информирани за напредокот и успехот кој го постигнуваат.<br><br>47% од учениците сметаат дека персоналот во училиштето си ја врши својата должност а 33% понекогаш.<br><br>72% од учениците, одговориле дека училиштето им |

| | | |
|---|---|---|
| | | дава можност да вршат избор на наставни предмети.<br>48% од учениците, на прашањето колку училиштето организира образование за човекови права и други теми, поврзани со општествената работа, одговориле потврдно а 52% понекогаш .<br>- Анкета со родители<br>93% од анкетираните родители, одговориле дека наставниците го поттикнуваат развојот и самостојноста на учениците .<br>87,5% од родителите, се изјасниле дека наставниците постапуваат правично со учениците.<br><br>92,1% од родителите одговориле дека се доволно информирани за напредокот на нивното дете.<br>- Анкета со наставници<br>95% од анкетираните наставници, одговориле дека односот меѓу учениците и наставниците се базира на взаемно почитување.<br>-63,5 % од наставниците, на прашањето колку училиштето ги индентификува здравствените проблеми подеднакво кај машките и женските ученици, одговориле потврдно.<br>- Анкета со локалната заедница<br>35% од испитаниците од локалната заедница, одговориле дека се добро информирани за активностите во училиштето и за неговите главни одлуки ..<br>Членовите на локалната заедница, 66.5 % се изјасниле дека училиштето ги исполнува своите цели.<br>-74% се изјасниле дека училиштето ги задоволува барањата на локалната заедница. |

**Резултати:**

**Клучни јаки страни**

- Училиштето работи на остварување на мисијата и визијата предвидени во Годишната програма,
- Училиштето се грижи за здравјето и безбедноста на учениците,
- Во училиштето постои професионална соработка меѓу вработените и сите структури кои се вклучени во воспитно-образовниот процес
- Училиштето има изготвено куќен ред и кодекс на однесување,со кој се поставени правила на однесување на сите структури во училиштето,
- Во училиштето постои еднакво и правично однесување со сите ученици независно од нивната возраст ,пол, способности, верска и етничка припадност;
- Учениците учествуваат во донесување одлуки кои се значајни за нив
- Учениците своите способности и интереси ги изразуваат во вон-наставните активности,
- Вработените во училиштето ги познаваат и ги почитуваат правата на децата,
- Промовирање на постигањата на училиштето,
- Училиштето остварува соработка со деловната заедница,невладиниот сектор и локалната заедница,
- Потпишани меморандуми за соработка со деловната заедница и здружениа,
- Промовирање на мултикултуризмот
- Во училиштето се реализираат заеднички наставни и воннаставни активности на учениците од различни етникуми.

**Слаби страни**

- Ажурирање на училишната веб страна во промовирање на училиштето
- Мал број на состаноци на Советот на родители;
- Зголемен број на изостаноци;
- Недостаток на форми на соработка со родителите;

| **Анализа на резултатите:** |
| --- |
| Се работи на остварување на мисијата и визијата на училиштето предвидени со Годишната програма за работа, согласно со Законот за средно образование. Сите структури се придржуваат на правилата на однесување пропишани со куќниот ред и кодексот на однесување. Во училиштето постои професионална соработка меѓу вработените. Постои добра атмосфера во училиштето. На веб страната на училиштето, на facebook страната на училиштето како и училиштниот медиум / Клик се промовираат активности на училиштето и на учениците. Училишната веб страна помалку се користи за промоција на постигањата. Односот меѓу учениците и наставниците се базира на взаемно почитување.<br>Постои релативно висок степен на меѓусебно почитување помеѓу субјектите во училиштето, без разлика на возрасната, половата, етничката и верската припадност. Во училиштето се познаваат и почитуваат правата на децата. Дел од учениците имаат добро поведение. На учениците им се изрекуваат педагошки мерки .<br>Родителите понекогаш се вклучуваат во дел од активности научилиштето . Соработката со локалната и деловната заедница е на добро ниво, со цел истите да се зацврстуваат и прошируваат во рамки на дуалното образование. Се потпишуваат меморандуми за соработка со компании од бизнис секоторот и граѓанскиот сектор.<br>Учениците подеднакво земаат демократско учество во активности и подрачја што се од непосредно значење за нив, поддржани од органите и телата во училиштето. Постои соработка со локалната зедница. |

**Идни активности: Приоритетни подподрачја (оддели) во рамките на ова подрачје кои може да бидат вклучени во планот за развој на училиштето**

- Поголема искористеност на училишната веб страна во промовирање на постигањата на учениците и училиштето;
- Намалување на бројот на изостаноци ;
- Зголемување на интензитетот на работата  на Советот на родители;
- Изнаоѓање на повеќе форми на соработка со родителите во текот на учебната година.

Изработиле:
Координатор: Марија Коцева
Членови: Валентика Пандова
Златко Јанчев

**Самоевалуација на училиштето:** **Подрачје : 6 Ресурси**

| |
|---|
| ***Во евалуацијата на ова подрачје треба да одговорите на што е можно поголем број од главните прашања.***<br><br>***Можете да додадете и одговори на други прашања кои сметате дека се важни за вашето училиште а не се опфатени во рамката за самоевалуација.***<br><br>***Треба да направите обид да ги вклучите колку што е можно сите клучни фактори во вашето училиште и во локалната заедница и каде потребно да внимавате на родовите односи кои може да влијаат на квалитетот на учење и настава во вашето училиште.***<br><br>***Не се потпирајте само на пишани документи. Обезбедете да податоците собрани во оваа област исто така вклучуваат колку што е можно и пишани коментари, набљудувања и визуелни докази.*** |
| **Оддели во рамките на подрачјето:**<br><br>**6.1 Сместување и просторни капацитети**<br>**6.2 Наставни средства и материјали**<br>**6.3 Обезбедување на потребниот наставен кадар**<br>**6.4 Развој на персоналот**<br>**6.5 Финансиско работење во училиштето** |

| Бр | Индикатори за квалитет | Теми | Активности |
|---|---|---|---|
| 6 | **Ресурси** | | |
| 6.1 | **Сместување и просторни капацитети** | | |
| Прегледани документи | | Теми | Активности |

| | | |
|---|---|---|
| Годишна програма за работа на СОУ ,,Гоце Делчев “ во учебната 2023/2024 и<br>разговор со наставниците и Директорот на училиштето | ¬ Просторни услови<br><br>¬ Искористеност на просторните капацитети | Училишната зграда зафаќа површина од 3 400 m2,опкружена со 0,7 хектари паркови и зеленило. Во непосредната близина на училиштето се наоѓаат отворените спортски терени за ракомет, кошарка , одбојка и атлетска патека. Во училишниот двор е изградена спортска сала  и изградени патеки со покрив до влезот во салата.Во училиштето е изграден и објект -сендвичара  кој се користи  за потребите на учениците. Пластеник со 450 метри квадратни површина во кој се одгледуваат полјоделски култури ( домат, краставица, компир, зелка ...) и стакленик со 45 метри квадратни површина исто така  се сместени во училишниот двор.Во склоп со училиштето има мини винарска визба и комплет линија за производство на сок од калинка и јаболко и ладилник.  Училишниот простор задоволува . На кровот на училиштето се поставени фотоволтаици за сопствено произвотство на струја.<br>.<br>• Наставно- воспитниот процес се одвива во 16 кабинети, 2 училници ,1 лабаратории, 1 работилница , помошни простории и други простории или поточно:<br>• Кабинет со две училници по македонски јазик и литература ;<br>• Кабинет со една училница по општествените предмети ;<br>• Кабинет со една училница по лозарство ;<br>• Кабинет со една училница по англиски јазик;<br>• Кабинет со една училница по сточарство;<br>• Кабинет со две училници по биологија и хемија;<br>• Кабинет со една училница по предметите од секторот здравство и социјална заштита; |

| | | |
|---|---|---|
| Годишна програма за работа на СОУ ,,Гоце Делчев “ во учебната 2023/2024<br>Пописни листи | | • Кабинет со една училница по земјоделски машини;<br>• Кабинет со две  училници по математика ;<br>• Кабинет со една училница по историја;<br>• Кабинет со една училница по  географија;<br>• Кабинет со една училница по физика;<br>• Училница по предметите од секторот машинство ;<br>• Работна просторија по секторот машинство;<br>• Училница по информатика;<br>• Училница за презентации и проекти ;<br>• Лабараторија за испитување на виното и стручните предмети по секторот здравство и социјална заштита;<br>• Библиотека  ;<br>• Директорска канцеларија;<br>• Наставничка канцеларија;<br>• Канцеларија за секретарот и книговодителот ;<br>• Канцеларија за училишниот педагог;<br>• Канцеларија за одржувачот на комјутерската техника<br>• Канцеларија за специјален едукатор и рехабилитатор .<br>• Канцеларија за библиотекарот.<br>• Етно катче<br>Санитарни простории има вкупно осум од кои четири се наменети за учиниците , а четири за наставниот персонал.<br>Училиштето располага со земјоделски површини,трактор и приклучни машини за обработка на површините, гражи и простории за чување на приклучните машини.<br>Капацитетите се користат оптимално и нив гкористат сите членови на училиштето. |

| 6.2 | **Наставни средства и материјали** | |
|---|---|---|
| **Прегледани документи** | **Теми** | **Активности** |
| • Пописни листи за кабинети и училници;<br>• Увид во евиденцијата за библиотеката и разговор со одговорниот наставник | ➢ **Опременост со стручна литература и наставни средства и помагала**<br><br>➢ **Училишна библиотека**<br><br>➢ **Потрошен материјали**<br>➢ **Училишна реална или виртуелна компанија**<br>➢ **Училишни работилници за практична обука** | Училиштето е опремено со наставни средства и помагала за гимназиискoто и стручното образование.<br>Во секторот здравство и социјална заштита располага со : модел со заби и четка, мал модел за забни импланти, голем модел на заб, модел од дигестивен систем, модел на око и бубрег, скелет, стоматолошки материјали( стаклено-јономерен цемент, восок за моделација, композитен материјал) и стоматолошки инструменти ( стоматолошка сонда, пародонтална сонда, стоматолошко огледало, набијач , кирета ,забни клешти...)<br>Во секторот машинство училиштето располага со 3D принтер, CNC GRAVE и 10 компјутери  со инсталирани соодветни софтвери за овој сектор.<br>Училиштето располага со  збирка по лозрство, збирка по мотори и трактори, комплетен рачен и машински алат за овој сектор,куќичка за алат, тример,  два трактори марка Фергусон, ,  потребна механизација за извршување на потребните операции во земјоделството: мотокултиватор, фреза, рачен култиватор, повеќе видови плугови , сеалка, брана, пумпи за прскање, мулчар , компировадачка, ралник, гроздомелачка, иноксни садови за вино, пумпа за преточување, затварач за тапи, обрнувачка на сено и др.кои се  изучуваат истите преку стручните предмети во земјоделско-ветеринарната струка. Во учииштето постои мини - винарија за комплетна преработка на грозје и комплетна линија за производство на сок од калинка |

| | | |
|---|---|---|
| | | и јаболко.Училиштето располага со сандаци за пчели во која учениците од струката техничар за фармерско производство одгледуваат пчели и произведуват мед.<br>Исто така имаме потребни нагледни средства : географски карти (17) , глобуси (2), скелети, принтери (7), фотокопири (5) , LCD(18), сматр табли (10), телевизори, еден разглас, две гитари и клавијатури, бас гитара , појачало и други нагледни средстава што се наоѓаат по предметните кабинети. Кабинетите се опремени со компјутер и LCD .Со донација од Швајцарската амбасада се опреми комплет училницата по информатика со нови клупи,столови, компјутери и сл.Во кабинетот по историја има LCD телевизор кој се употребува за реализација на наставните содржини.Во училиштето има 18 LCD проектори кои се достапни за колегите за реализација на наставата.<br>Во фондот на библиотеката на училиштето има 6530 книги меѓу кои белетристика, теорија на литературна критика, историја на литература, историографија, филозофија, 3100 учебници од I до IV година. Од стручната литература снабдена е со литература по македонски јазик и литература , стручната литертаура по другите предмети се наоѓа во предметните кабинети . Училишната библиотека е отворена за користење во текот на целиот училишен ден . Добро е подредена и располага со комјутер и пристап до интернет. |

| 6.3. | Обезбедување на потребниот наставен кадар | |
|---|---|---|
| **Прегледани документи** | **Теми** | **Активности** |
